СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
НА ОПШТИНА КУМАНОВО

„Службен гласник на Општина Куманово“ Излегува по потреба – Издавач: Општина Куманово Тел. 423-505 Одговорен уредник: Милена Ѓукиќ Ордевска	Година LXVII Број 15 Куманово 22 декември 2022 г.	Претплата за 2022 година изнесува 2.000 денари. трезорска с-ка 100-0000000630-95 с-ка на буџетски корисник 7410140525630-18 приходна шифра 725939

739.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

Заклучок
за објавување на Одлука за давање согласност на Измена и дополнување на Годишен план за вработување во 2023 година на ООУ „Вук Караџиќ” – Куманово

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Измена и дополнување на Годишен план за вработување во 2023 година на ООУ „Вук Караџиќ” – Куманово, Бр. 09-10073/9, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 20 декември 2022 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-10373/1
21 декември 2022 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
Максим Димитриевски, с.р.

740.

Врз основа на член 20-б став 1 алинеја 3, став 2 и став 11 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 143/19 и 14/20) и член 68 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово“ бр. 13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 20 декември 2022 година, донесе

О Д Л У К А
за давање согласност на Измена и дополнување на Годишен план за вработување во 2023 година на ООУ „Вук Караџиќ” – Куманово

Член 1

Се дава согласност на Измената и дополнувањето на Годишниот план за вработување во 2023 година на ООУ „Вук Караџиќ” – Куманово, бр. 01-78/6.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово“.

Бр. 09 – 10073/9
20 декември 2022 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
Ивана Ѓорѓиевска, с.р.

741.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

Заклучок
за објавување на Одлука за донесување на Измена и дополна на ДУП за дел од УЕ „Тоде Мендол“, дел од УБ 63, плански опфат меѓу крак на ул. „11-ти Октомври“,ул. „11-ти Октомври“, ул. „3-та МУБ“, ул. „ЈНА“ и ул. „Новопланирана 1“ – Општина Куманово

1. Се објавува Одлуката за донесување на Измена и дополна на ДУП за дел од УЕ „Тоде Мендол“, дел од УБ 63, плански опфат меѓу крак на ул. „11-ти Октомври“,ул. „11-ти Октомври“, ул. „3-та МУБ“, ул. „ЈНА“ и ул. „Новопланирана 1“ – Општина Куманово, Бр. 09-10073/13, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 20 декември 2022 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-10377/1
21 декември 2022 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
Максим Димитриевски, с.р.

742.

Врз основа на член 39 став 1 и 5 и член 41 став 5 алинеа 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), член 93 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, бр. 32/20) и член 25 став 1 точка 7 од Статутот на Општината Куманово („Службен гласник на Општина Куманово” бр. 13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 20 декември 2022 година, донесе

О Д Л У К А
за донесување на Измена и дополна на ДУП за дел од УЕ „Тоде Мендол“, дел од УБ 63. плански опфат меѓу крак на ул. „11-ти Октомври“, ул. „11-ти Октомври“, ул. „3-та МУБ“, ул. „ЈНА“ и ул. „Новопланирана 1“ – Општина Куманово

Член 1

Со оваа Одлука се донесува Измена и дополна на ДУП за дел од УЕ „Тоде Мендол“, дел од УБ 63, плански опфат меѓу крак на ул. „11-ти Октомври“,ул. „11-ти Октомври“, ул. „3-та МУБ“, ул. „ЈНА“ и ул. „Новопланирана 1“ - Општина Куманово, плански опфат со површина од 2.98 ха., изработен од Друштво за урбанистички планови и инжинеринг ПРОСТОР ДОО Куманово, со тех. бр. 6/16 од октомври 2022 година.

Член 2

Составен дел на Измена и дополна на ДУП за дел од УЕ „Тоде Мендол“, дел од УБ 63, плански опфат меѓу крак на ул. „11-ти Октомври“,ул. „11-ти Октомври“, ул. „3-та МУБ“, ул. „ЈНА“ и ул. „Новопланирана 1“ -Општина Куманово, плански опфат со површина од 2.98 ха, Куманово се:

- текстуален дел и графички дел со параметри за спроведување на Измена и дополна на ДУП за дел од УЕ „Тоде Мендол“, дел од УБ 63, плански опфат меѓу

крак на ул. „11-ти Октомври“,ул. „11-ти Октомври“, ул. „3-та МУБ“, ул. „ЈНА“ и ул. „Новопланирана 1“ - Општина Куманово, плански опфат со површина од 2.98 ха

- Согласност од Министерство за транспорт и врски-Скопје бр.21-5315/4 од 30.11.2022 год.
- Извештај од спроведена јавна презентација и јавна анкета по планот бр.21-6897/2016 од 09.07.2020
- Извештај од спроведена јавна презентација и јавна анкета по планот бр.21-6897/2016 од 24.12.2020
- Извештај од спроведена јавна презентација и јавна анкета по планот бр.21-6897/2016 од 18.03.2022
- Извештај од спроведена јавна презентација и јавна анкета по планот бр.21-6897/2016 од 21.07.2022

Член 3

Измена и дополна на ДУП за дел од УЕ „Тоде Мендол“, дел од УБ 63, плански опфат меѓу крак на ул. „11-ти Октомври“,ул. „11-ти Октомври“, ул. „3-та МУБ“, ул. „ЈНА“ и ул. „Новопланирана 1“ -Општина Куманово, плански опфат со површина од 2.98 ха, по извршено дигитално преклопување од страна на Агенцијата за катастар на недвижности го спроведува Секторот за урбанизам при Општина Куманово.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 09 – 10073/13
20 декември 2022 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
Ивана Ѓорѓиевска, с.р.

743.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

Заклучок
за објавување на Одлука за утврдување на критериуми за распределба на блок – дотации за основно образование за 2023 година

1. Се објавува Одлуката за утврдување на критериуми за распределба на блок – дотации за основно образование за 2023 година, Бр. 09-10073/20, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 20 декември 2022 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-10384/1
21 декември 2022 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
Максим Димитриевски, с.р.

744.

Врз основа на член 157 став 3 од Законот за основното образоване (,,Службен весник на Република Северна Македонија" бр.161/19 и 229/20), член 8 и член 12 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22), Уредбата за методологија за утврдување на критериуми за распределба на

блок дотации за основното образование по општини за 2023 година („Службен весник на РСМ“ бр. 198/22) и член 25 став 1 точка 40 од Статутот на Општина Куманово (,,Службен гласник на Општина Куманово" бр.13/03, 13,07, 8/15, 11/19 и 12/21), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 20 декември 2022 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА КРИТЕРИУМИ ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА БЛОК ДОТАЦИИ ЗА ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА 2023 ГОДИНА

Член 1

Со оваа Одлука се пропишува утврдување на критериуми за распределба на средства од блок дотации за основно образование за 2023 година.

Член 2

Распределбата на средствата од блок дотацијата за реализација на образовно – воспитниот процес во училиштата за основно образование во Општина Куманово на која и се пренесени основачките права на основните училишта согласно Законот за основно образование и која ги исполнила условите во согасност со членот 46 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа за календарската 2023 година ,се врши по следните критериуми:
-вкупно добиена сума на блок дотација за 2023 година
-број на ученици запишани во учебна 2022/2023 година
-број на ученици со посебни потреби запишани во учебна 2022/2023 година
-број на паралелки во училишта
-број на училници и други простории во училишта
-број на смени во кои работат училиштата
-број на подрачни училишта
-површина на училишта
-историски податоци од претходни години
-останати неизмирени обврски од претходни години.

Член 3

Износот на Бруто плати за вработените во основно образование кои се составен дел на блок дотацијата, а се дадени како задолжителна обврска за исплата според број на вработени, се иземени од оваа методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотации и се исплатуваат на секое училиште поединечно согласно поднесени пресметки за плати.

Член 4

Согласно Буџетот на Општина Куманово за 2023 година од програма Н1, потпрограма Н10-основно образование, се врши финансирање на 17 основни училишта на територијата на Општина Куманово.

Член 5

Средствата определени како блок дотација за секое училиште се користат за финансирање на пренесени надлежности во основно образование.

Член 6

Средствата од блок дотациите ќе се распределуваат и користат наменски, рационално и ефикасно согласно горенаведените критериуми во член 2, а ќе се извршуваат согласно Одлука за извршување на Буџетот на Општина Куманово на финансиските планови со распределени средства од блок дотациите за секое училиште поединечно се составен дел на Буџетот на Општина Куманово, и се усвојуваат со донесување на Буџетот на општината.

Член 7

Средствата од блок дотации од Буџетот на Општина Куманово во тековна година ќе се насочуваат по училишта месечно согласно утврдена динамика на Министерство за образование во определен процентуален износ од годишниот буџет ,преку Секторот за финансиски прашања на Општина Куманово.

Член 8

Контрола на потрошени средства од блок дотации во тековна година пооделно по училишта се спроведува преку доставување на месечни извештаи М1 и М2, како и завршни сметки од страна на училишта до Секторот за финансиски прашања при Општина Куманово.

Член 9

Недостиг на средства од блок дотации за нормално функционирање на училишта и покривање на трошоци се надополнува со обезбедување на дополнителни средства од основниот буџет на Општина Куманово.

Член 10

Оваа одлука важи и е применувана при распределба на средства од блок дотации од Буџетот на Општина Куманово за 2023 година.

Член 11

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 09 – 10073/20
20 декември 2022 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
Ивана Ѓорѓиевска, с.р.

745.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

Заклучок
за објавување на Одлука за утврдување на критериуми за распределба на блок – дотации за средно образование за 2023 година

1. Се објавува Одлуката за утврдување на критериуми за распределба на блок – дотации за средно образование за 2023 година, Бр. 09-10073/21, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 20 декември 2022 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-10385/1
21 декември 2022 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
Максим Димитриевски, с.р.

746.

Врз основа на член 101 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20), член 8 и член

12 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22), Уредбата за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотации за средното образование по општини за 2023 година („Службен весник на РСМ“ бр. 197/22) и член 25 став 1 точка 40 од Статутот на Општина Куманово (,,Службен гласник на Општина Куманово" бр.13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 20 декември 2022 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА УТВРДУВАЊЕ НА КРИТЕРИУМИ ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА БЛОК ДОТАЦИИ ЗА СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА 2023 ГОДИНА

Член 1

Со оваа Одлука се пропишува утврдување на критериуми за распределба на средства од блок дотации за средното образование за 2023 година.

Член 2

Распределбата на средствата од блок дотацијата за реализација на образовно – воспитниот процес во училиштата за средно образование во Општина Куманово на која и се пренесени основачките права на средните училишта согласно Законот за средното образование и која ги исполнила условите во согласност со членот 46 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа за календарската 2023 година ,се врши по следните критериуми:

-вкупно добиена сума на блок дотација за 2023 година
-број на ученици запишани во учебна 2022/2023 година
-број на паралелки во училишта
-број на училници и други простории во училишта
-број на смени во кои работат училиштата
-површина на училишта
-историски податоци од претходни години
-останати неизмирени обврски од претходни години

Член 3

Износот на Бруто плати за вработените во средното образование кои се составен дел на блок дотацијата, а се дадени како задолжителна обврска за исплата според број на вработени, се изземени од оваа методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотации, и се исплатуваат на секое училиште поединечно согласно поднесени пресметки за плати.

Член 4

Согласно Буџетот на Општина Куманово за 2023 година од програма Н2, потпрограма Н20-средно образование, се врши финансирање на 4 средни училишта на територијата на Општина Куманово.

Член 5

Средствата определени како блок дотација за секое училиште се користат за финансирање на пренесени надлежности во средно образование.

Член 6

Средствата од блок дотациите ќе се распределуваат и користат наменски, рационално и ефикасно согласно горенаведените критериуми во член 2, а ќе се извршуваат согласно Одлука за извршување на Буџетот на Општина Куманово на финансиските планови со распределени средства од блок дотациите за секое училиште поединечно се составен дел на Буџетот на Општина Куманово, и се усвојуваат со донесување на Буџетот на општината.

Член 7

Средствата од блок дотации од Буџетот на Општина Куманово во тековна година ќе се насочуваат по училишта месечно согласно утврдена динамика на Министерство за образование во определен процентуален износ од годишниот буџет ,преку Секторот за финансиски прашања на Општина Куманово.

Член 8

Контрола на потрошени средства од блок дотации во тековна година пооделно по училишта се спроведува преку доставување на месечни извештаи М1 и М2, како и завршни сметки од страна на училишта до Секторот за финансиски прашања при Општина Куманово.

Член 9

Недостиг на средства од блок дотации за нормано функционирање на училишта и покривање на трошоци се надополнува со обезбедување на дополнителни средства од основниот буџет на Општина Куманово.

Член 10

Оваа одлука важи и е применувана при распределба на средства од блок дотации од Буџетот на Општина Куманово за 2023 година.

Член 11

Одуката влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 09 – 10073/21
20 декември 2022 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
Ивана Ѓорѓиевска, с.р.

747.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

Заклучок
за објавување на Одлука за давање на трајно користење на движни ствари (електронски уреди – таблети) – сопственост на Општина Куманово на 16 општински основни училишта

1. Се објавува Одлуката за давање на трајно користење на движни ствари (електронски уреди – таблети) – сопственост на Општина Куманово на 16 општински основни училишта, Бр. 09-10073/23, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 20 декември 2022 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-10387/1
21 декември 2022 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
Максим Димитриевски, с.р.

748.

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” Бр. 5/02), член 68 од Статутот на Општина

Куманово („Службен гласник на Општина Куманово” Бр. 13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21), Одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Куманово од Влада на Република Северна Македонија бр.41-8011/12 од 08.11.2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ Бр.243/22 од 14.11.2022 година) и Договори за давање на трајно користење на движни ствари помеѓу Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија бр.28-14218 од 24.11.2022 година, Општина Куманово и 16 општински основни училишта, Советот на Општина Куманово на седницата одржана на 20 декември 2022 година, донесе

О Д Л У К А

за давање на трајно користење на движни ствари (електронски уреди - таблети) - сопственост на Општина Куманово на 16 општински основни училишта

Член 1

Општина Куманово дава на трајно користење без надомест движни ствари (електронски уреди - таблети) на следните општински основни училишта:

1.**Општинско Основно Училиште „11 Октомври“ Куманово** согласно Договор за давање трајно користење на движни ствари помеѓу Министерство за образование и наука бр.28-14218/1 од 24.11.2022 година, Општина Куманово 03-9873/1 од 05.12.2022 година и ООУ „11 Октомври“ Куманово.

Назив на движни ствари	Опис на движни ствари	Количина	Вкупна цена со ДДВ
Таблет компјутер	ЛЕНОВО tabM10	22	141.661,08 денари

2.**Општинско Основно Училиште „Бајрам Шабани“ Куманово** согласно Договор за давање трајно користење на движни ствари помеѓу Министерство за образование и наука бр.28-14218/2 од 24.11.2022 година, Општина Куманово 03-9879/1 од 05.12.2022 година и ООУ „Бајрам Шабани“ Куманово.

Назив на движни ствари	Опис на движни ствари	Количина	Вкупна цена со ДДВ
Таблет компјутер	ЛЕНОВО tabM10	78	502.252,92 денари

3.**Општинско Основно Училиште „Битолски Конгрес“ с.Лопате Куманово** согласно Договор за давање трајно користење на движни ствари помеѓу Министерство за образование и наука бр.28-14218/3 од 24.11.2022 година, Општина Куманово 03-9875/1 од 05.12.2022 година и ООУ „Битолски Конгрес“ с.Лопате Куманово.

Назив на движни ствари	Опис на движни ствари	Количина	Вкупна цена со ДДВ
Таблет компјутер	ЛЕНОВО tabM10	43	276.883,02 денари

4.**Општинско Основно Училиште „Браќа Миладиновци“ Куманово** согласно Договор за давање трајно користење на движни ствари помеѓу Министерство за образование и наука бр.28-14218/4 од 24.11.2022 година, Општина Куманово 03-9887/1 од 05.12.2022 година и ООУ „Браќа Миладиновци“ Куманово.

Назив на движни ствари	Опис на движни ствари	Количина	Вкупна цена со ДДВ
Таблет компјутер	ЛЕНОВО tabM10	18	115.904,52 денари

5.**Општинско Основно Училиште „Браќа Рибар“ с.Табановце Куманово** согласно Договор за давање трајно користење на движни ствари помеѓу Министерство за образование и наука бр.28-14218/5 од 24.11.2022 година, Општина Куманово 03-9886/1 од 05.12.2022 година и ООУ „Браќа Рибар“ с.Табановце Куманово.

Назив на движни	Опис на движни	Количина	Вкупна цена со ДДВ

ствари	ствари		
Таблет компјутер	ЛЕНОВО tabM10	23	148.100,22 денари

6.**Општинско Основно Училиште „Вера Которка“ с.Клечовце Куманово** согласно Договор за давање трајно користење на движни ствари помеѓу Министерство за образование и наука бр.28-14218/6 од 24.11.2022 година, Општина Куманово 03-9885/1 од 05.12.2022 година и ООУ „Вера Которка“ с.Клечовце Куманово.

Назив на движни ствари	Опис на движни ствари	Количина	Вкупна цена со ДДВ
Таблет компјутер	ЛЕНОВО tabM10	8	51.513,12 денари

7.**Општинско Основно Училиште „Вук Караџиќ“ Куманово** согласно Договор за давање трајно користење на движни ствари помеѓу Министерство за образование и наука бр.28-14218/7 од 24.11.2022 година, Општина Куманово 03-9884/1 од 05.12.2022 година и ООУ „Вук Караџиќ“ Куманово.

Назив на движни ствари	Опис на движни ствари	Количина	Вкупна цена со ДДВ
Таблет компјутер	ЛЕНОВО tabM10	2	12.878,28 денари

8.**Општинско Основно Училиште „Јероним Де Рада“ с.Черкези Куманово** согласно Договор за давање трајно користење на движни ствари помеѓу Министерство за образование и наука бр.28-14218/8 од 24.11.2022 година, Општина Куманово 03-9882/1 од 05.12.2022 година и ООУ „Јероним Де Рада“ с.Черкези Куманово.

Назив на движни ствари	Опис на движни ствари	Количина	Вкупна цена со ДДВ
Таблет компјутер	ЛЕНОВО tabM10	49	315.517,86 денари

9.**Општинско Основно Училиште „Карпош“ с.Умин Дол Куманово** согласно Договор за давање трајно користење на движни ствари помеѓу Министерство за образование и наука бр.28-14218/9 од 24.11.2022 година, Општина Куманово 03-9883/1 од 05.12.2022 година и ООУ „Карпош“ с.Умин Дол Куманово.

Назив на движни ствари	Опис на движни ствари	Количина	Вкупна цена со ДДВ
Таблет компјутер	ЛЕНОВО tabM10	2	12.878,28 денари

10.**Општинско Основно Училиште „Кирил и Методиј“ с.Романовце Куманово** согласно Договор за давање трајно користење на движни ствари помеѓу Министерство за образование и наука бр.28-14218/10 од 24.11.2022 година, Општина Куманово 03-9876/1 од 05.12.2022 година и ООУ „Кирил и Методиј“ с.Романовце Куманово.

Назив на движни ствари	Опис на движни ствари	Количина	Вкупна цена со ДДВ
Таблет компјутер	ЛЕНОВО tabM10	72	463.618,08 денари

11.**Општинско Основно Училиште „Кочо Рацин“ Куманово** согласно Договор за давање трајно користење на движни ствари помеѓу Министерство за образование и наука бр.28-14218/11 од 24.11.2022 година, Општина Куманово 03-9874/1 од 05.12.2022 година и ООУ „Кочо Рацин“ Куманово.

Назив на движни ствари	Опис на движни ствари	Количина	Вкупна цена со ДДВ
Таблет компјутер	ЛЕНОВО tabM10	20	128.782,80 денари

12.**Општинско Основно Училиште „Крсте Мисирков“ Куманово** согласно Договор за давање трајно користење на движни ствари помеѓу Министерство за образование и

наука бр.28-14218/12 од 24.11.2022 година, Општина Куманово 03-9877/1 од 05.12.2022 година и ООУ „Крсте Мисирков“ Куманово.

Назив на движни ствари	Опис на движни ствари	Количина	Вкупна цена со ДДВ
Таблет компјутер	ЛЕНОВО tabM10	38	244.687,32 денари

13.**Општинско Основно Училиште „Магдалена Антова“ Куманово** согласно Договор за давање трајно користење на движни ствари помеѓу Министерство за образование и наука бр.28-14218/13 од 24.11.2022 година, Општина Куманово 03-9888/1 од 05.12.2022 година и ООУ „Магдалена Антова“ Куманово.

Назив на движни ствари	Опис на движни ствари	Количина	Вкупна цена со ДДВ
Таблет компјутер	ЛЕНОВО tabM10	45	289.761,30 денари

14.**Општинско Основно Училиште „Наим Фрашери“ Куманово** согласно Договор за давање трајно користење на движни ствари помеѓу Министерство за образование и наука бр.28-14218/14 од 24.11.2022 година, Општина Куманово 03-9881/1 од 05.12.2022 година и ООУ „Наим Фрашери“ Куманово.

Назив на движни ствари	Опис на движни ствари	Количина	Вкупна цена со ДДВ
Таблет компјутер	ЛЕНОВО tabM10	172	1.107.532,08 денари

15.**Општинско Основно Училиште „Толи Зордумис“ Куманово** согласно Договор за давање трајно користење на движни ствари помеѓу Министерство за образование и наука бр.28-14218/15 од 24.11.2022 година, Општина Куманово 03-9878/1 од 05.12.2022 година и ООУ „Толи Зордумис“ Куманово.

Назив на движни ствари	Опис на движни ствари	Количина	Вкупна цена со ДДВ
Таблет компјутер	ЛЕНОВО tabM10	30	193.174,20 денари

16.**Општинско Основно Училиште „Христијан Карпош“ Куманово** согласно Договор за давање трајно користење на движни ствари помеѓу Министерство за образование и наука бр.28-14218/16 од 24.11.2022 година, Општина Куманово 03-9880/1 од 05.12.2022 година и ООУ „Христијан Карпош“ Куманово.

Назив на движни ствари	Опис на движни ствари	Количина	Вкупна цена со ДДВ
Таблет компјутер	ЛЕНОВО tabM10	44	283.322,16 денари

Член 2

Движните ствари од член 1 на оваа Одлука се даваат на трајно користење без надомест според член 44 став 4 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост (,,Службен весник на Република Македонија" бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19 и 122/21).

Вкупната вредност на движните ствари изнесува 4.288.467,24 денари, според Договорите за давање на трајно користење на движни ствари од член 1 на оваа Одлука.

Член 3

Општинските основни училишта имаат право на трајно користење на движните ствари од член 1 без надомест, заради вршење на основната дејност на училиштето.

Член 4

Општинските основни училишта се должни движните ствари од член 1 да ги употребуваат само за договорената намена без право истите да ги отуѓуваат или да ги даваат на користење на трети лица по кој било основ.

Член 5

Општина Куманово има обврска:

– да контролира дали општинските основни училишта ги користат движните ствари наменски исклучиво за остварување на основната дејност на училиштето.

Член 6

Општинските основни училишта имаат одговорност:

– да ги користат движните ствари од член 1 наменски исклучиво за остварување на основната дејност на училиштето;
– да ги чуваат, одржуваат и користат движните ствари од член 1 совесно и според упатството за користење и одржување на движните ствари;
- да ги осигураат движните ствари од член 1 од секаков вид на штета, кражба или елементарна или временска непогода.
- да ги воведат движните ствари од член 1 во книговодствена евиденција.

Член 7

Општина Куманово преку општинската администрација има обврска да изврши записничко примопредавање на движните ствари од член 1 на трајно користење без надомест на општинските основни училишта.

Примопредавањето ќе се изврши на останата количина на движните ствари, бидејќи дел од движните ствари од член 1 на оваа Одлука се веќе записнички подигнати директно во Министерството за образование и наука од страна на општинските основни училишта.

Член 8

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово“.

Бр. 09 – 10073/23
20 декември 2022 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
Ивана Ѓорѓиевска, с.р.

749.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

Заклучок

за објавување на Одлука за давање на трајно користење на движна ствар – сопственост на Општина Куманово на Јавно претпријатие „Водовод“ – Куманово

1. Се објавува Одлуката за давање на трајно користење на движна ствар – сопственост на Општина Куманово на Јавно претпријатие „Водовод“ – Куманово, Бр. 09-10073/30, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 20 декември 2022 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-10394/1
21 декември 2022 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
Максим Димитриевски, с.р.

750.

Врз основа на член 36 став (1) точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 68 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово" бр. 13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 20 декември 2022 година, донесе

О Д Л У К А
за давање на трајно користење на движна ствар - сопственост на Општина Куманово на Јавно претпријатие ,,Водовод" - Куманово

Член 1

Со оваа Одлука на Јавно претпријатие ,,Водовод" - Куманово му се дава на трајно користење, без надомест, патничко моторно возило VOLKSWAGEN GOLF со идентификациски број WVWZZZ1JZXB103101, во сива боја.

Патничкото моторно возило се дава на трајно користење за службени потреби на претпријатието, а правата и обврските помеѓу Општина Куманово и ЈП „Водовод " - Куманово ќе се уредат со посебен договор.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 09 – 10073/30
20 декември 2022 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
Ивана Ѓорѓиевска, с.р.

751.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

Заклучок
за објавување на Одлука за давање на трајно користење на движни ствари – сопственост на Општина Куманово на Јавно претпријатие „Чистота и зеленило" – Куманово

1. Се објавува Одлуката за давање на трајно користење на движни ствари – сопственост на Општина Куманово на Јавно претпријатие „Чистота и зеленило" – Куманово, Бр. 09-10073/31, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 20 декември 2022 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 08-10395/1
21 декември 2022 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
Максим Димитриевски, с.р.

752.

Врз основа на член 36 став (1) точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 68 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово" бр. 13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 20 декември 2022 година, донесе

О Д Л У К А
за давање на трајно користење на движни ствари - сопственост на Општина Куманово на Јавно претпријатие ,,Чистота и зеленило“ - Куманово

Член 1

Со оваа Одлука на Јавно претпријатие ,,Чистота и зеленило“ - Куманово му се даваат на трајно користење, без надомест:

- 17 (седумнаесет) подземни контејнери за собирање на комунален смет MOLOK CLASSIC;
- 1 (еден) полуподземен контејнер за собирање на комунален смет MOLOK DOMINO;
- 51 (педесет и една) корпи за отпадоци;
- 30 (триесет) метални клупи со наслон и дрвена конструкција.

Движните ствари се даваат на трајно користење без надомест за службени потреби на претпријатието, а правата и обврските помеѓу Општина Куманово и ЈП „Чистота и зеленило“ - Куманово ќе се уредат со посебен договор.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 09 – 10073/31
20 декември 2022 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
Ивана Ѓорѓиевска, с.р.

753.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

Заклучок
за објавување на Одлука за исплата на еднократна парична помош од Буџетот на Општина Куманово за 2022 година

1. Се објавува Одлуката за исплата на еднократна парична помош од Буџетот на Општина Куманово за 2022 година, Бр. 09-10073/32, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 20 декември 2022 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-10396/1
21 декември 2022 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
Максим Димитриевски, с.р.

754.

Врз основа на член 68 од Статутот на Општина Куманово и член 21 став 1 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Куманово за 2022 година („Службен гласник на Општина Куманово“ бр. 18/21), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 20 декември 2022 година, донесе

О Д Л У К А
за исплата на еднократна парична помош од Буџетот на Општина Куманово за 2022 година

Член 1

Од средствата на Буџетот на Општина Куманово за 2022 година, од Програмата АОО – Совет на Општина Куманово, ставката 413 – Тековни резерви (разновидни расходи), да се исплати еднократна парична помош, поради настаната штета од пожар на помошен објект од 3 простории и на земјоделски машини, жито и други предмети во истиот, како и на семејна куќа и на инвентарот, на :

- Тони Митевски од Гази Баба - Скопје, со стан на ул. „Благоја Стефковски“ бр.27/1-7, за опожарен помошен објект кој се наоѓа во с. Пчиња, во износ од 30.000 денари,
- Дејвид Спасовски од с. Режановце - Куманово, во износ од 30.000 денари,
- Тефик Зеќири од Куманово, со стан на ул. „542“ бр. 13, во износ од 30.000 денари.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово“.

Бр. 09 – 10073/32
20 декември 2022 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
Ивана Ѓорѓиевска, с.р.

755.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

Заклучок
за објавување на Програма за урбанистичко планирање на подрачјето на Општина Куманово за 2023 година

1. Се објавува Програмата за урбанистичко планирање на подрачјето на Општина Куманово за 2023 година, Бр. 09-10073/11, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 20 декември 2022 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-10375/1
21 декември 2022 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
Максим Димитриевски, с.р.

756.

Врз основа на член 40 став (1) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ бр.32/2020), член 22 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002) и член 25 став 1 точка 1 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово“ бр. 13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 20 декември 2022 година, донесе

ПРОГРАМА
ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО
НА ОПШТИНА КУМАНОВО ЗА 2023 ГОДИНА

ВОВЕД:

Со оваа Програма се уредува:

I. Урбанизација
II. Изворите на финансирање на Програмата
III. Средства наменети за урбанистичко планирање
IV. Динамика за извршување на Програмата
V. Преодни и завршни одредби

I. УРБАНИЗАЦИЈА

Урбанизацијата е сложен и динамичен процес кој како поим подразбира изготвување, донесување и спроведување на Урбанистички планови со цел да се обезбедат услови за континуиран просторен развој на цаелата општина, уредување, користење и заштита на просторот во рамките на општината. Преку спроведување на погоре изнесените ставки локалната самоуправа ќе обезбеди зголемување на степенот на хуманост на живеењето и подобрување на условите за работа, уредување и хармонизација на просторот, зголемување на вредноста на земјиштето како и обезбедување на заштита на недвижното културно наследство, животната средина и природата.

Како основни задачи од аспект на урбанистичко планирање во 2023 година би требало да се реализираат следните активности:

- Спроведување на постапка за донесување на нов Генерален Урбанистички План на град Куманово.
- Изработка на студии за потребите на ГУП.
- Одобрување на Планска програма за ГУП
- Ревизија на постојни Детални урбанистички планови и нивно прилагодување на постојниот ГУП и законската регулатива.
- Изработка на детални урбанистички планови за урбани единици за кои што досега нема донесено ДУП-ови.
- Изработка на урбанистичко планска документација со цел вклопување на објектите кои согласно Законот за постапување со бесправно изградени градби го решиле својот статус.
- Урбанистички Проекти согласно член 58 став (2) точка 2 и 4 и став (6) од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ бр.32/2020).
- Урбанистички Проекти и прорктна документација за санација и реконструкција на објекти со амбиетална архитектура и зачувување на градителско наследство.
- Иработка на урбанистичко-архитектонски и идејни решенија преку распишување јавен конкурс
- Работа на Комисија
- Изработка и донесување на урабнистички планови за села кои се наоѓаат на територијата на Општина Куманово
- Изработка на планска документација со цел реализација на мерките од Планот за одржлива урбана мобилност (ПОУМ) за Општина Куманово 2020-2030 год.
- Чување на урбанистичката документација ГИС систем

Во наредниот период како континуитет на досегашните активности од доменот на урбанистичкото планирање потребно е:

А. ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ГРАД КУМАНОВО

Со донесување на Одлуката за пристапување кон изработка на Генерален урбанистички план за град Куманво отпочната е постапка за донесување на истиот.
Изработката на ГУП за град Куманово е предвидена во Годишната Програма за финасирање на изработка на урбанистички планови, регулациски планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко – планска документација и урбанистичко – проектна документација за 2020 година донесена од Владата на РСМ Одлука бр.45-10688/1-19 од 8 Јануари 2020 год објавена во Службен весник на РСМ бр.7/2020. За изработката на ГУП потпишан е трипартитен договор помеѓу Општина Куманово, Министерство за транспорт и врски на РСМ и Агенција за планирање на просторот (бр.на договор 03-1112/1 од 05.02.2021) како и Анекс на трипартитниот договор (бр.на договор 03-2445/1 од 07.03.2022)
Согласно погоре наведеното Оштина Куманово е во постапка на одобрување на Планска Програма за ГУП за град Куманово.
Изработката на Планската Програма е обврска на Општина Куманово и истата ја Изработува ЈП Куманово План.
Од обрските кои произлегуваат од трипартитниот договор Општина Куманово спроведува постапки за изработка на дел од планираните студии како и постапка за изработка на ажурирана геодетска подлога.

Б. ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

Со изработка и усвојување на досегашните Детални урбанистички планови одделени делови на градот не се опфатени со никаква урбанистичка документација. Заради тоа потребно е да се изработат Детални урбанистички планови за селдниве Урбани единици:

- дел од УЕ Долно Којнаре
- дел од УЕ Проевце
- дел од УЕ 1
- дел од УЕ 2
- дел од УЕ Индустрија

По донесување на новиот Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр.32/2020) и Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот (службен весник на РСМ бр.225/2020 бр.219/2021 и 104/2022) потребно е да се извршат усогласувања на Деталните урбанистички планови за следните урбани единици:

- УЕ Тоде Мендол
- УЕ Бајрам Шабани
- УЕ 11-ти Ноември
- УЕ 11-ти Октомври
- УЕ Х.Т.Карпош
- УЕ Панче Пешев
- УЕ Центар
- УЕ Трета МУБ
- УЕ Б.С.Гојчо
- УЕ Гоце Делчев
- УЕ Перо Чичо
- УЕ Стари лојза
- УЕ 1
- УЕ 2
- УЕ Индустрија
- УЕ Бедиње

В. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО

Во составот на Општина Куманово покрај градот влегуваат и повеќе села за кои согласно член 28 од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ бр.32/2020) се планира да се изработат урбанистички планови за село.Тоа се однесува за следните села:

- Агино Село, Бедиње, Бељаковце, Биљановце, Брзак, Вак'в, Винце, Габреш, Горно Војнаре, Градиште, Дл'га, Доброшане, Довезенце, Длно Војнаре, Живиње, Зубовце, Јачинце, Карабачани, Клечовце, Кокошиње, Колицко, Косматац, Кутлибег, Кучкарево, К'шање, Лопате, Љубодраг, Мургаш, Ново Село, Новосељане, Орашац, Пезово, Проевце, Пчиња, Режановце, Речица, Романовце, Скачковце, Сопот, Студена Бара, Сушево, Табановце, Тромеѓа, Умин Дол, Черкезе, Четирце, Шупли Камен, Вуиновиќ и Костурник

Г. УРБАНИСТЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО

Урбанистички план за вон населено место се донесува по потреба за плански опфат, за подрачје на општините кои не се опфатени со генералните урбанистички планови и со урбанистичките планови за село. Согласно член 29 од Законот за урбанистичко планирање, план за вон населено место се донесува по барање на сите заинтересирани физички и правни субјекти. Со овој план се утврдува намена и начин на користење на просторот, како и услови за градење на комплекси и градби вон од градовите и другите населени места.
УПВНМ се изработува и се донесува врз основа на издадени услови за планирање на просторот што ги издава министерството за животна средина и просторно планирање во соработка со агенцијата за планирање на просторот.

Д. УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ

Согласно член 58 став (6) од Законот урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ бр.32/2020), урбанистички проект може да се изработува и за поединечни градби и инфраструктури од државно и локално значење вон населени места и вон опфат на урбанистички планови на земјоделско, шумско и друго земјиште за кои што не постојат услови и /или економска оправданост за донесување на урбанистички план.
УП за вон населено место се изработува и се донесува врз основа на издадени услови за планирање на просторот што ги издава министерството за животна средина и просторно планирање во соработка со агенцијата за планирање на просторот.
Изработката на УП може да биде финасирана од заинтересирани физички и правни лица.

Ѓ. ЛЕГАЛИЗАЦИЈА

За спроведување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти (сл.весник на Р.М бр.23/2011,54/11 ,155/12 ,72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15 ,217/15, 31/2016 ,64/18 и 174/21) а со цел вклопување на што е можно поголем број на бесправни објекти, со Програмата за урбанистичко планирање на подрачјето на Општина Куманово се предвидува усвојување на повеќе одлуки од страна на Советот за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши усогласување на намената на бесправните објекти со намената предвидена во планската документација, како и донесување на урбанистичко планска документација за објекти изградени вон плански опфат.

Согласно член 20 став 7 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти во планската докуметација (ДУП-ви, УП за Село, УП за вон населено место....)

која ќе биде изработена согласно ова Програма ќе бидат вклопени бесправните објекти кои го решиле својот статус.

Е. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЧИЈА ПРОЦЕДУРА Е ВО ТЕК

Е.1

Согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр. 51/05, 137/07 ,91/09, 124/10 ,18/11 ,53/11 , 144/12 ,55/13, 163/13 и 42/14) во процедура се следниве урбанистички планови финасирани од правни и физички лица.

Е.1.1 Детален урбанистички план за дел од УЕ Индустрија дел од УБ 77 плански опфат меѓу ул. Индустриска, КП 16260,КП 16258,КП 16257, КП 16161/1, КП 16160/4, КП 16159/1, КП 26131, КП 16262 – Општина Куманово

Е.1.2 Детален урбанистички план за дел од УЕ Трета МУБ дел од УБ 49, плански опфат меѓу ул. Народна Револуција, ул. Миле Кипра и ул. Ацо Борозански – Општина Куманово

Е.2

Согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.199/14, 44/15, 193/1, 31/16, 136/16, 64/18 и 168/18) и Законот за урбанистичко планирање (сл. Весник на РСМ бр.32/20) во постапка се следниве планови

Е.2.1 Урбанистички планови финансирани од буџетот на Општина Куманово

Е.2.1.1 ДУП за дел од УЕ Долно Којнаре УБ 1, 2 и 3

Е.2.1.2 Предлог Детален урбанистички план за дел од У.Е. "Гоце Делчев" дел од Урбан блок 30 ,плански опфат меѓу ул. "Б.Б.Гуцман" , крак на ул. "Васко Карангелески", ул. “Васко Карангелески” , ул."АВНОЈ" и ул. “Лесковачка” - Општина Куманово

Е.2.1.3 Предлог ДУП за дел од УЕ "Гоце Делчев" дел од УБ 31 плански опфат меѓу ул. Тоде Думба, ул. Никшичка и ул. Титова Митровачка –Општина Куманово

Е.2.1.4 Детален урбанистички план за дел од У.Е. "Гоце Делчев" дел од Урбан блок 32,плански опфат меѓу ул. "Б.Б.Гуцман" , ул. "Драган Стопаревиќ", ул. “Панчевачка” , ул."Новопланирана" и пешачка патека - Општина Куманово

Е.2.1.5 ДУП за дел од УЕ Х.Т.Карпош УБ 64-г, Плански опфат помеѓу: ул.„Христијан Тодоровски-Карпош, ул.Пролетерски Бригади, ул.„Трета МУБ“ и ул.„ Дојранска“.

Е.2.1.6 ДУП за дел од УЕ Гоце Делчев, УБ 28; Плански опфат помеѓу: ул.„АВНОЈ“, ул.„2001“ и ул.„Видое Смилевски Бато“ – Општина Куманово.

Е.2.1.7 ДУП за дел од УЕ Бедиње, дел од УБ 84; Плански опфат помеѓу: ул.„102“, ул.„Трајко Јовановски“, ул.„11-ти Ноември“, ул.„101“ – Општина Куманово

Е.2.1.8 ДУП за дел од УЕ„Панче Пешев“, дел од УБ 42; Плански опфат помеѓу: ул.„Октомвриска Револуција“, крак на ул.„Октомвриска Револуција“, ул.„Питу Гули“, ул.„29-ти Ноември“, ул.„Димитар Влахов“, ул.„Пионерска“ – Општина Куманово.

Е.2.1.9 ДУП за дел од УЕ„11-ти Октомври“, дел од УБ 37; Плански опфат помеѓу: граница на УЕ, ул.„Доне Божинов“, ул.„Никола Тесла“, ул.„2008“ – Општина Куманово.

Е.2.1.10 ДУП за дел од УЕ„1“, дел од УБ 24; Плански опфат помеѓу: ул.„2015“, регулација на река Кумановка, граница на намеска зона по ГУП, граница на УЕ, граница на УБ – Општина Куманово.

Е.2.1.11 Измена и дополна на ДУП за дел од У.Е. „Перо Чичо“ дел од У.Б. 17, Општина Куманово, плански опфат помеѓу: граница на наменска зона, ул. „Милентие Поповиќ“, ул. „Михајло Пупин“, ул. „Веселин Маслеша“ и ул. „Руѓер Бошковиќ“ - Општина Куманово.

Е.2.1.12 ДУП за дел од УЕ „Тоде Мендол“, дел од УБ 62, плански опфат помеѓу: ул. „Тоде Мендол“, ул. „Вук Караџиќ“, ул. „Страшко Симонов“ и ул. „Браќа Филиповиќ“ – Општина Куманово.

Е.2.1.13 ДУП за дел од УЕ „Индустрија“ УБ 68 – Општина Куманово.

Е.2.1.14 ДУП за дел од УЕ „Перо Чичо“ дел од УБ 16 плански опфат меѓу ул. „Веселин Маслеша“, ул. „Стево Филиповиќ“, ул. „Радоје Димиќ“, ул. „Бранко Радичевиќ“ и граница на КП 13251 – Општина Куманово

Е.2.1.15 Изменување и дополнување на дел од УПВНМ за Горно Коњаре за изградба на објекти со намена Г4-згради за складишта, плански опфат помеѓу: ул. „Индустриска“, ул. „2“, ул. „11“ и ул. „4“, КО Горно Коњаре, Општина Куманово

Е.2.1.16 Измена и дополна на ДУП за УЕ Трета МУБ, УБ 48 дел 4 , Општина Куманово

Изработувач на Планот од точките Е.2.1.4 и Плановите од точка Е.2.1.6 заклучно со точка Е.2.1.16 е јавно претпријатие за просторно и урбанистичко планирање „ЈП Куманово План“ -Куманово

Е.2.2 Урбанистички планови финансирани од физички и правни лица

Е.2.2.1 Предлог измена и дополна на Детален урбанистички план за дел од У.Е. "Панче Пешев" дел од Урбан блок 42,плански опфат меѓу ул. "Иво Лола Рибар" , крак на ул."Октомвриска Револуција" , крак на ул. "Октомвриска Револуција" и бул. "Октомвриска Револуција" – Општина Куманово

Е.2.2.2 Изработка на измена и дополна на Детален урбанистички план за дел од У.Е. "Тета МУБ " дел од Урбан блок 49 плански опфат меѓу ул. "Трета МУБ" , пешачка патека, ул. Новопланирана"2" ул. "Панчевачка" и пешачка патека – Општина Куманово

Е.2.2.3 Изработка на Детален урбанистички план за дел од У.Е. "11-ти Октомври" дел од Урбан блок 40 ,плански опфат меѓу ул. "Црнотравска" , ул. "Доне Божинов", граница на наменска зона, ул. “27-ми Март” и ул. “Тодор Велков” – Општина Куманово

Е.2.2.4 Предлог Детален урбанистички план за дел од У.Е. "11-ти Октомври" дел од Урбан блок 38 ,плански опфат меѓу ул. "Никола Тесла" , ул. "2008", ул. “Јоско Илиевски” и граница на Урбана единица – Општина Куманово

Е.2.2.5 Предлог Измена и дополна ДУП за дел од УЕ „3-та МУБ“, дел од УБ 48, Блок 5, Плански опфат помеѓу: ул.„3-та МУБ“, ул.„Миле Кипра“, ул.„Перо Шварц“, ул.„Перо Чичо“.

Е.2.2.6 Предлог Измена и дополна ДУП за дел од УЕ „Центар“, дел од УБ 43 -в, Плански опфат помеѓу: ул.„Гоце Делчев“, ул.„Борис Кидрич“, ул.„Илинденска“, и ул.„Трст“.

Е.2.2.7 Предлог ДУП за дел од УЕ „Тоде Мендл“, дел од УБ 60, Плански опфат помеѓу: ул.„Тоде Мендол“, ул.„Марко Орешковиќ“, ул.„Васа Пелагиќ“, и ул.„1“.

Е.2.2.8 Изработка на Измена и дополна на ДУП за дел од УЕ „Тоде Мендол“, дел од УБ 63, Плански опфат помеѓу: крак на ул.„11-ти Октомври“, ул.„11-ти октомври“, ул.„3-та МУБ “, ул.„ЈНА“ и ул.„Новопланирана 1“.

Е.2.2.9 Изработка на Измена и дополна на ДУП за дел од УЕ „Панче Пешев“, дел од УБ 42, Плански опфат помеѓу: ул.„Димитар Влахов“, ул.„Партизанска“, ул.„Подземна“ и ул.„Подземна Ленинова“.

Е.2.2.10 Предлог на ДУП за дел од УЕ „Стари Лојза“, дел од УБ 12, Плански опфат помеѓу: ул.„2011“, крак на ул.„Ѓуро Пуцар Стари“, ул.„Ѓуро Пуцар Стари“, и ул.„Михајло Пупин“.

Е.2.2.11 Предлог измена и дополна на ДУП за дел од УЕ „Панче Пешев“ дел од УБ 42, Плански опфат меѓу ул. „Браќа Рибар“, ул.„Партизанска“, ул.„Димитар Влахов“ и ул.„Прохор Пчински“.

Е.2.2.12 Предлог измена и дополна на измена и дополна на Детален урбанистички план за дел од У.Е. "Проевце" дел од Урбан блок 23-а плански

опфат меѓу ул. "Сервисна улица 1" , ул."Сервисна улица 2" , граница на Урбана Единица и Урбан Блок,пешачка патека и ул. "Станбена улица 2" – Општина Куманово

Е.2.2.13 Предлог измена и доплна на Детален урбанистички план за дел од У.Е. "11-ти Ноември" дел од Урбан блок 67 ,плански опфат меѓу ул. "Божидар Мицковиќ" , ул. "4-ти Јули", ул. "Трета МУБ" и автопат Скопје - Белград- Општина Куманово

Е.2.2.14 Предлог Детален урбанистички план за дел од У.Е. "Индустрија" дел од Урбан блок 83 ,плански опфат меѓу регионален пат Р-102, граница на УЕ и ул. "Новопланирана" - Општина Куманово

Е.2.2.15 Предлог ДУП за дел од УЕ „Бајрам Шабани", дел од УБ 54, Плански опфат помеѓу: пешачка патека, ул.„Максим Горки", ул.„Бајрам Шабани", ул.„2001" и ул.„Франц Розман".

Е.2.2.16 Изработка на ДУП за дел од УЕ „Гоце Делчев", дел од УБ 30, Плански опфат помеѓу: ул.„Б.Б.Гуцман", ул.„Трета МУБ", ул.„В.С.Бато", ул.„В.Карангелески" и крак на ул. „В.Карангелески".

Е.2.2.17 Предлог ДУП за дел од УЕ „1", УБ 34-а плански опфат меѓу ул."Ѓорче Петров", граница на УЕ, ул."2016" и граница на УБ – Општина Куманово

ДИНАМИКА НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

- **Број на турнуси за објавување оглас, временски период за објавување на огласите и распределба на градежните парцели по турнуси**.

  Со цел минимизирање на финансиските трошоци поврзани со објавата на огласи за отуѓување, однодсно давање под закуп на градежното земјиште се предвидува градежните парцели што се предмет на Програмата да се објават во турнуси согласно можностите и условите поврзани со донесувањето на урбанистичките планови и расчистување на имотно-правните односи и др.
- **Пропишување на условите за надавање**
  Се пропишуваат/определуваат следните параметри: висината на депозитот за учество, определување на интернет страницата на која ќе се врши надавањето, одредување на условите за учество, пропишување на други обврски и се наведуваат останати релевантни информации во врска со надавањето.
- **Лица надлежни за реализација на Програмата**
  1. Емилија Сларидис Јаневска – дипломиран инженер архитект
  2. Драган Јовановски – дипломиран правник
  3. Наталија Стојмановска –дипломиран инженер архитект
  4. Ивана Величковска – дипломиран геодетски инженер
  5.Андријана Крстевска – дипломиран правник

ПРОЦЕНКА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПРИЛИВИ ПО ОСНОВ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА (приходна страна на Програмата)

- Проценката на финансиските приходи се прави кумулативно зе секое населено место одделно, според просечната пазарна цена за метар квадратен градежно земјиште по зони во тоа населено место или локалитет.
-

ПРОЦЕНКА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА (расходна страна на Програмата)

- Финансиските средства потребни за реализација на програмата се состојат од збир на проценетите финансиски средства потребни за реализирање на следните активности:

- Трошоци по основ на администрирање на постапките за отуѓување, односно давање под закуп на градежното земјиште;
- Трошоци по основ на експропријација;
- Трошоците по основ на купување на градежно земјиште од физички и правни лица и
- Трошоци за промовирање, односно рекламирање на градежните локации што ќе бидат предмет на отуѓување, односно давање под закуп на градежното земјиште.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

- Програмата ја усвојува Советот на општината.
- Програмата може да се изменува и дополнува на начин и постапка иста по која и се донесува.
- За спроведувањето на оваа Програма надлежен е Градоначалникот на општината.
- Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 09 – 10073/12
20 декември 2022 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
Ивана Ѓорѓиевска, с.р.

759.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

Заклучок
за објавување на Програма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести во 2023 година

1. Се објавува Програмата за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести во 2023 година, Бр. 09-10073/18, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 20 декември 2022 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 08-10382/1
21 декември 2022 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
Максим Димитриевски, с.р.

760.

Врз основа на член 22 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ", бр. 5/02), член 25 став 1 точка 11 и член 66 од Статутот на Општина Куманово - пречистен текст („Службен гласник на Општина Куманово" бр. 15/21), а во врска со член 14 став 2 од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на РМ", бр. 66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 37/16 и „Службен весник на РСМ" бр. 257/20), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 20 декември 2022 година, донесе

П Р О Г Р А М А
за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести во 2023 година

Согласно одредбите од Законот за заштита на население од заразни болести со кој се утврдуваат мерките за спречување на појавата, рано откривање, спречување на ширењето и сузбивање на заразните болести и на инфекциите, правата и обврските на здравствените установи, правните и физичките лица, како и надзорот над спроведувањето на мерките, со цел заштита на населението од заразни болести, Советите на Општините, по претходно мислење на ЈЗУ „Центарот за јавно здравје“ Куманово за подрачјето за кое е основан, донесуваат Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на своето подрачје.

Со оваа Програма се утврдуваат општите мерки, активности, извршители, рокови и извори на финансиските средства потребни за нивна реализација во 2023 година.

Мерки, цели, активности

Главна цел на програмата е спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести како и утврдување на активностите, извршителите, роковите и финансиските средства потребни за нивна реализација во 2023 година.

Програмата дефинира пет општи мерки за заштита на населението на Општина Куманово од заразни заболувања, кои со исполнувањето на поставените цели треба да придонесат за кревање на повисоко ниво на заштита на населението од заразни болести.

I. Општа мерка

ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНА ВОДА ЗА ПИЕЊЕ И КОНТРОЛА НА ИСПРАВНОСТА НА ВОДАТА И ОБЈЕКТИТЕ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ

1. ЦЕЛ

Снабдување на населението со безбедна вода за пиење.

АКТИВНОСТИ

Населението во Општина Куманово се снабдува со вода за пиење од градскиот водоводен систем со кој стопанисува комуналното претпријатие ЈП “Водовод“ Куманово, од локални селски водоводи, јавни чешми и бунари. Во некои населени места во општината водоснабдувањето е преку индивидуални водоснабдителни објекти

2. ЦЕЛ

Контрола на исправноста на водата и објектите за водоснабдување.

АКТИВНОСТИ

За да водата биде безбедна за пиење и да не содржи материи кои се штетни за здравјето на луѓето потребно е да се вршат соодветни испитувања согласно Правилникот за безбедност на водата („Сл. Весник на РМ“ бр.183/2018). Анализите на водата за пиење за безбедност во рамките на мониторинг се врши од страна на ЈЗУ „Центар за јавно здравје“ Куманово.

Со овој Правилник се пропишуваат барањата за безбедноста и квалитетот на водата за пиење и тоа:

-општите барања за безбедност и квалитет кои ги опфаќаат обемот, видот и методологијата на испитувањето на водите за пиење и границите над кои водите за

пиење не треба да содржат штетни и опасни материи, начинот на вршење на дезинфекција на водата за пиење и
-посебните барања за безбедност и квалитет кои се однесуваат на минималните вредности во однос на микробиолошките параметри, хемиски параметри, резидуи од пестициди, задолжителни индикаторски параметри и дополнителни индикаторски параметри.

Во текот на годината ЈЗУ „Центар за јавно здравје“ Куманово врши проценка на безбедноста на водата за пиење преку санитарно- хигиенски увиди на водоснабдителните објекти, земање на примероци вода и лабораториска анализа во однос на физичко-хемиски и микробиолошки параметри на примероците на вода.

Финансиските средства за спроведување на точка 1 ќе бидат обезбедени од буџетот на ЈП „Водовод “ Куманово.

II. Општа мерка

ОТСТРАНУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ И ДРУГ ТВРД И ТЕЧЕН ОТПАД НА НАЧИН ШТО ЌЕ ОНЕВОЗМОЖИ ЗАГАДУВАЊЕ НА ЧОВЕКОВАТА ОКОЛИНА (вода,земјиште, воздух)

1.ЦЕЛ

Отстранување и прочистување на отпадните води се врши со цел да се оневозможи загадување на човековата околина.

АКТИВНОСТИ

Во Општина Куманово прочистувањето на отпадните води го врши Пречистителната станица – ЈП„Водовод“ Куманово, с. Доброшане, Куманово.

Отстранувањето и прочистувањето на отпадните води даваат големи придобивки и тоа:
-се добива вода од втора категорија, односно вода погодна за растителниот и животинскиот свет, но не и вода за пиење;

Финансиските средства за спроведување на точката 1 ќе бидат обезбедени од Буџетот на ЈП „Водовод“ Куманово.

2.ЦЕЛ

Отстранувањето на цврст отпад (смет) е континуиран процес што обезбедува трајно и квалитетно чистење на јавните површини, на отворените простори на јавните објекти и на дворните површини на колективните и индивидуалните објекти за домување, заради обезбедување на здрава и чиста животна средина.

АКТИВНОСТИ

Одржувањето на чистотата на јавните површини, празнењето и чистењето на садовите за смет од јавните површини и собирањето, изнесувањето и депонирањето на смет и други отпадоци од станбени, деловни и други корисни површини во Општина Куманово, го врши ЈП „Чистота и зеленило“ Куманово.

Одржувањето на чистотата се врши според годишната програма за чистење на Јавното комунално претпријатие „Чистота и Зеленило“ Куманово.. Годишната

програма содржи: динамика, начин и технологија на чистење, како и обем на работите со одделни и вкупни вредности на програмираните работи.

Финансиски средства за втората цел ќе се обезбедат од Буџетот на ЈП „Чистота и Зеленило“ Куманово.

3.ЦЕЛ

Заштита на вработените во ЈП „Чистота и зеленило“ Куманово, коишто вршат отстранување на отпадот и во својата работа се изложени на опасност заради контакт со ѓубре, со што би се спречило првенствено настанување, а потоа и ширење на заразни болести.

АКТИВНОСТИ

- редовно обновување на опремата за заштита при работа (заштитна униформа, средства, материјали и сл.) и
- задолжително вакцинација по епидемиолошки индикации (активна имунизација против цревен тифус - задолжителна еднаш на три години).
- систематски здравствени прегледи на вработените.

Финансиските средства за третата цел ќе бидат обезбедени од Буџетот на ЈП „Чистота и Зеленило“ Куманово кое врши отстранување на цврст отпад.

III. Општа мерка

САНИТАРНО-ТЕХНИЧКИ И ХИГИЕНСКИ УСЛОВИ ВО ЈАВНИ ОБЈЕКТИ - УЧИЛИШНИ И ПРЕДУЧИЛИШНИ УСТАНОВИ

Предучилишни и училишни установи се потенцијални жаришта на појава на заразни болести, па поради тоа потребно е водење на грижа во повеќе сегменти.
На територијата на општина Куманово воспитно-образовниот процес се обезбедува преку следниве основни и средни училишта :

- Основни училишта

1.	ООУ „11Октомври“
2.	ООУ „Бајрам Шабани“
3.	ОУ „Наим Фрашери“
4.	ООУ „Браќа Миладиновци“
5.	ООУ „Крсте Мисирков“
6.	ОУ „Вук Караџиќ“
7.	ООУ „Кочо Рацин“
8.	ООУ „Толи Зордумис“
9.	ОУ „Христијан Карпош“
10.	ОУ „Магдалена Антова“
11.	ООУ „Битолски Конгрес“ с. Лопате
12.	ООУ „Карпош“ с. Умин Дол
13.	ООУ „Вера Которка“ с. Клечовце
14.	ООУ „Јероним Де Рада“ с. Черкезе
15.	ООУ „Кирил и Методиј“ с. Романовце
16.	ООУ „Браќа Рибар“ с. Табановце
17.	УОМО „Панче Пешев“

- Средни училишта

1.	СОУ - Гимназија „Гоце Делчев“
2.	СОУ - Гимназија „Сами Фрашери“
3.	ОСТУ „Наце Буѓони“

4.	ССОУ „Киро Бурназ“
5.	СОУ „Перо Наков“

- Општински јавни установи од областа на културата, социјалната и детската заштита

1.	ЈОУ – Библиотека „Тане Георгиевски“
2.	ЈОУ – Дом за стари лица „Зафир Сајто“
3.	ЈОУ – Детска градинка „Ангел Шајче“
4.	Дневен центар за лица со посебни потреби

- Општински јавни установи од областа на ученичкиот стандард

1.	ЈУ – Општински ученички дом „Професор Мијалковиќ“

1. ЦЕЛ

Следење на здравствената состојба на вработените во јавните установи со цел исклучување на опасноста од пренесување на заразни заболувања на најранливата група - децата.

АКТИВНОСТИ

- вршење на здравствени хигиенски прегледи врз вработени во погореспоменатите установи согласно законските прописи.

Начинот на вршење, содржината на прегледите, видовите на прегледите на вработените, како и формата и содржината на санитарната книшка, ги пропишува министерот за здравство.

2. ЦЕЛ

Задолжителна превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација во училишните, предучилишни и социјални установи со цел создавање на безбедна средина.

АКТИВНОСТИ

Во училиштата превентивата дезинфекција, дезинсекција и дератизација е задолжителна на секои 6 месеци, а ја врши ЈЗУ „Центар за Јавно Здравје Куманово“.

Дезинфекција, дезинсекција и дератизација во училиштата се врши пред почетокот на првото и пред почетокот на второто полугодие.

3. ЦЕЛ

Создавање здрави поколенија преку постојано следење на зравствената состојба на учениците како и нивна имунизација.

АКТИВНОСТИ

За систематските прегледи и задолжителната вакцинација на учениците, надлежен е ЈЗУ,,Здравствен дом“ Куманово, а се вршат според однапред изготвен план и распоред на екипите по што училиштата благовремено се известуваат за распоредот и термините.

По добивање на известувањето, училиштата се обврзани да ги преземат потребните активности. За таа цел, училиштата имаат назначено лице кое по известувањето од надлежната здравствена установа, пристапува кон активности за спроведување на истата.
Точните термини за вакцинација и систематски прегледи допонително се определуваат, а се извршуваат во следните одделенија според календарот за имунизација и систематски прегледи :

За вакцинација -одделение	За систематски преглед-одделение
I - 6 години	I
II - 7 години	III
VI - 12 години	V
IX - 14 години	VII
III/IV – 18 години	

Лица од училиштата задолжени за спроведување на систематски прегледи и вакцинации

Р.бр.	Училиште	Одговорно лице
1.	ООУ „11Октомври“	Бобан Ничевски
2.	ООУ „Бајрам Шабани“	Мерџиване Нухии
3.	ОУ „Наим Фрашери“	Ѓулшене Шаќири
4.	ООУ „Браќа Миладиновци“	Милена Илиќ Пешиќ
5.	ООУ „Крсте Мисирков“	Фросина Младеновиќ и Сузана Денковска
6.	ОУ „Вук Караџиќ“	Фросина Ефремовска
7.	ООУ „Кочо Рацин“	Росица Трајковска
8.	ООУ „Толи Зордумис“	Даниела Лазревска
9.	ОУ „Христијан Карпош“	Слаѓана Ѓориќ
10.	ОУ „Магдалена Антова“	Марјан Ангеловски
11.	ООУ „Битолски Конгрес“ с. Лопате	Гулсиме Османи
12.	ООУ „Карпош“ с. Умин Дол	Игор Митровиќ
13.	ООУ „Вера Которка“ с. Клечовце	Бојана Доневска
14.	ООУ „Јероним Де Рада“ с. Черкезе	Џевријe Исмаили
15.	ООУ „Кирил и Методиј“ с. Романовце	Џемаледин Азири
16.	ООУ „Браќа Рибар“ с. Табановце	Лиле Спасовска

Финансиски средства за активностите под цел 3 се обезбедуваат од страна на Министерство за здравство на РСМ.

4. ЦЕЛ

Одржување на хигиенски услови во јавните објекти/училиштата со цел спречување на појава и ширење на заразни болести.

АКТИВНОСТИ

- постојано одржување на хигиена на работните простории како и во училниците;
- постојано одржување на хигиена во санитарните јазли со дезинфекција со средство кое делува на вируси според упатство од производителот, алтернативно може да се користи 0,05% натриум хипохлорит (5% белило за домаќинство кое се користи во размер 1:100) или 70% алкохол за дезинфекција на горните површини;
- обезбедување течен сапун во тоалетите и дезинфекциони средства;

- замена (каде што има потреба) на чучавци со WC школки;
Финансиски средства за извршување на цел 4 ќе обезбедат училиштата од сопствените буџети.

IV Општа мерка

ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПРЕВЕНТИВНО-ПРОМОТИВНИ АКТИВНОСТИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВЈЕТО НА НАСЕЛЕНИЕТО

1. ЦЕЛ
Промоција на здравјето и превенција од заразни болести преку здравствена едукација на учениците во училиштата на територијата на општината.

АКТИВНОСТИ

Во 2023 година, промоција на здравјето и превенција од заразни болести во училиштата ќе се вршат на теми (исхрана, гојазност, превенција на тинејџерска бременост, пушење, пиење и злоупотреба на дроги и други психотропни суптанции, превенција од инфективни болести, сексуално пренослиби болести) прилагодени на потребите на учениците и можностите на ЈЗУ „Центар за Јавно Здравје“ Куманово , ЈЗУ „Здравствен дом“ Куманово, ЈЗУ „Општа болница“ Куманово при што учество ќе земат и претстваници од Општина Куманово , Црвен крст на Куманово, НВО и граѓански здруженија.
-изготвување на информативни брошури
-медиумски настани на локалните телевизии со гостување на тим од здравствени работинци од различни области.

2. ЦЕЛ
Општината во соработка со ЈЗУ „Центар за јавно здравје“ Куманово го планира и организира спроведувањето на промоција на здравјето преку кампањи унапредување на здравјето на луѓето, животните и на животната средина во соработка со други органи и организации.

АКТИВНОСТИ

- подигнување на свеста кај родителите организирано преку трибини за поголем опфат со вакцини кај предшколски и школски деца со посебен акцент на вакцинација со МРП вакцина;
- едукативна кампања „Ги запознаваме ретките болести“ во текот на месец февруари ќе се организираат трибини и запознавање на јавноста со ретките болести и предизвиците со кои се соочуваат луѓето што живеат со неа;
- одбележување на Светски ден на населението -- 11 јули на тема „Планирање на семејството како човеково право“, обезбедување на универзален пристап до здравствени услуги за репродуктивното здравје, вклучително и планирање на семејството, го забрзува развојот на државата кон намалување на сиромаштијата и остварување на глобалните развојни цели;
- кампања под мото „Спаси нечиј живот“ која што преку крводарителски акции ќе се мотивираат повеќе државни институции, граѓански здруженија, приватниот сектор со што ќе ја покажат својата хуманост, дарежливост и солидарност;
- едукација на населението за потребата од навремени превентивни прегледи за контрола на сопственото здравје е битен фактор за рано откривање и спречување на болести.
Финансиски средства за реализација на оваа IV општа мерка ќе бидат обезбедени од буџетот на Општина Куманово.

V. Општа мерка
ВРШЕЊЕ НА ПРЕВЕНТИВНА ДЕЗИНФЕКЦИЈА, ДЕЗИНСЕКЦИЈА И ДЕРАТИЗАЦИЈА И ДРУГИ ХИГИЕНСКО-ТЕХНИЧКИ МЕРКИ НА НАСЕЛЕНИ МЕСТА И ЈАВНИ ПОВРШИНИ

1.ЦЕЛ

Со цел спречување и сузбивање на заразните болести кои предизвикуваат или се преносители на заразни заболувања во населените места и јавните површини на подрачјето на територијата на општина Куманово согласно стручно мислење од ЈЗУ „Центар за јавно здравје“ Куманово Локалната самоуправа на општина Куманово ќе споведе превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација.

Спречување на појавата на штетници кои предизвикуваат или се преносители на заразни заболувања;
Дезинсекција се извршува како мерка во борба против инсекти (членконоги вектори), а со цел спречување на ширење заразни болести (Треска на Западен Нил, Маларија, Чикунгунија, Конгокримска Хеморагична треска, Лајмска Борелиоза,Лајшманиоза и др.) каде што како вектори се јавуваат истите;
Дератизација се извршува како мерка во борба против глодарите, а со цел спречување на ширење на заразни болести (Туларемија, Q-треска, Хеморагична треска, Лептоспироза , Салмонелоза и др.) каде што како вектори се јавуваат истите;

АКТИВНОСТИ

Дезинфекцијата, дезинсекцијата и дератизацијата се изведуваат со стручна и техничка помош на ЈЗУ „Центар за Јавно Здравје“ - Куманово и правни лица што ги исполнуваат условите пропишани со закон и прописи донесени врз основа на истиот.

-дезинсекција се извршува како мерка во борба против инсекти (членконоги вектори), а со цел спречување на ширење заразни болести (Зика вирусна инфекција, Треска на Западен Нил, Конго – кримска хеморагична треска, Маларија, Чикунгунија, Конгокримска Хеморагична треска, Лајмска Борелиоза, Лајшманиоза и др.) каде што како вектори се јавуваат истите и
- дератизација се извршува како мерка во борба против глодарите, а со цел спречување на ширење на заразни болести (Туларемија, Q-треска, Хеморагична треска, Лептоспироза , Салмонелоза и др.) каде што како вектори се јавуваат истите.

Авиотретирањето против комарци ќе се врши со авиозадимување и запрашување на територијата на Општина Куманово на површина од 3 000 хектари во еден наврат и тоа на следните локации:

Р.бр.	**Локации**
1.	Течение на река Кумановка
2.	Течение на река Липковка
3.	Течение на река Којнарка
4.	Месна заедница Бабин Дол
5.	Месна заедница Гоце Делчев
6.	Месна заедница Тоде Мендол
7.	Централно градско подрачје

Аеросолна дезинсекција од земја - **терестичка дезинсекција** - третирање на возрасна форма на комарци според однапред мапирани терен

- По течение на река Кумановка од Кумановска бања, преку с. Проевце, м.в. Бејтови ниви, Кеј на реката Кумамановка, површини под бавчи од другата страна на реката, должина на бул. Октомвриска револуција, област околу Градски парк и ул. Никола Тесла, реонот на ОУ Толи Зордумис покрај реката, населба Диво Насеље, с. Романовце по течение на реката, Градски гробишта како еден од главните легла на комарци, нас. Зелен Рид, по должина на бул. 3-та МУБ, и ул. 11-ти Октомври со посебен осврт на Градска болница, централно градско подрачје, по должина на река Серава, нас. Банево трло и други неспомнати делови од градот. Рутата ќе биде различна на секој третман, зависно од движење на граѓаните во тие утрински часови и правец и брзина на ветер.

Ларвицидна дезинсекција – се изведува во фаза на ларва на комарецот
Локации предвидени за третман се делови со стоечка вода која опстојува во тек на целата сезона или подолг временски период доволен за репродукција на комарците – Погон кај воени објекти кај Југ-турист, заезерена површина кај с. Речица, трски на пат накај истото село, стоечки води по течение на реките Липковка, Војнарка и Кумановка, застоена вода покрај реката Пчиња лок. Визиана, м.в. Бара нас. Карпош и други локации неспомнати.

Отстапување од оваа редовна постапка ќе се изврши по претходно упатство од страна на ЈЗУ „Центар за Јавно Здравје“ –Куманово.

Дезинсекцијата (третман против крлежи) на територијата на Општина Куманово ќе се врши на следниве јавни површини:

Р.бр.	**Јавна површина**
1.	Градски парк
2.	Октомвриска Револуција – Кеј
3.	Октомвриска Револуција - Д-р Бато
4.	Површини од Супер маркет до Монопол
5.	Тоде Думба – кошеви
6.	Спомен Костурница
7.	Мал и голем плоштад
8.	Соколански парк

Хемиски третман против лазечки инсекти (црна бубашваба) во отвори на шахти од постоечка канализација.

Хемиските третмани ќе се изведуваат во раните утрински часови. Операцијата ќе биде изведена во две фази, односно два последователни третмана, со меѓупериод од две седмици (зависно од временските услови). За таа цел ќе се користат инсектициди регистрирани од Министерството за здравство на РСМ.

Ќе се одвива паралелно со дератизација со техника на спреирање при што ќе се употребува препарат регистриран за таа намена со решение од Министерство за Здравство на РСМ со продолжено или резидуално дејство во кличини пропишани во упатството без ризик на контаминација на животната средина. Треба да бидат ист број на отвори на шахти како при дератизација во количина од 1600 броја.

Дератизацијата против глодари во канализациона мрежа се врши со поставување на мамци во отворите од шахтите на постоечката канализациска мрежа, а ќе бидат опфатени и отворите што служат за собирање на

атмосферска вода. Вкупниот број на опфатени канализациони шахти изнесува 1600.
Се предвидува поставување на хемиски препарати (родентициди) мамечки места во јасно обележени и затворени мамечки кутии, кои ќе бидат фиксирани во ѕидот на основата од кејот.

Финансиски средства за извршување на дезинфекцијата, дезинсекцијата и дератизацијата за Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести за 2023 година	
Авио третирање со инсектицид против комарци – возрасна форма	1 300 000
Теристичка дезинсекција (третман против возрасна форма на комарци)	300 000
Ларвицидна дезинсекција против ларви од комарци	200 000
Дезинсекција, третман против крлежи на јавни зелено цветни површини	300 000
Дезинсекција, третман против црна бубашваба во канализациона мрежа	200 000
Дератизација против глодари во канализациона мрежа	200 000
Организирање на кампањи, семинари и превентивен материјал за подигнување на јавната свест на граѓаните како и одбележување на значајни датуми од областа на здравствена заштита	100 000
ВКУПНО:	**2 600 000**

Надзор над спроведување на Програмата врши надлежниот општински орган.
За спроведување на активностите на терен изведувачот е должен да доставува извештаи за секоја извршена работа.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Програмата влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово“.

Бр. 09 – 10073/18
20 декември 2022 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
Ивана Ѓорѓиевска, с.р.

761.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

Заклучок
за објавување на Програма за субвенционирање на здруженија и фондации од Општина Куманово за бесплатен посебен превоз за 2023 година

1. Се објавува Програмата за субвенционирање на здруженија и фондации од Општина Куманово за бесплатен посебен превоз за 2023 година, Бр. 09-10073/19, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 20 декември 2022 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 08-10383/1
21 декември 2022 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
Максим Димитриевски, с.р.

762.

Врз основа на член 22, став 1, точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 48 и член 49 став 1 од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на РМ" бр. 52/10, 135/11 и 55/16 и „Службен весник на РСМ" бр. 239/22), член 17 став 1 точка 5 и член 66 од Статутот на Општина Куманово - пречистен текст („Службен гласник на Општина Куманово" бр. 15/21), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 20 декември 2022 година, донесе

ПРОГРАМА
за субвенционирање на здруженија и фондации од Општина Куманово за бесплатен посебен превоз за 2023 година

Согласно член 49 став 1 од Законот за здруженија и фондации организациите можат да добиваат средства од Буџетот на Република Македонија, буџетите на општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје, во таа насока, оваа Програма има за цел да ги субвенционира здруженијата и фондациите кои имаат регистрирана културна, социјална или хуманитарна дејност, а се регистрирани на територија на Општина Куманово.

ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА

Член 1

Субвенционирањето се однесува на бесплатен посебен превоз, за целите и потребите на здруженија и фондации кои организираат културни настани за унапредување и развој на културата во Општина Куманово.

ФИНАНСИРАЊЕ, НАЧИН НА ВРШЕЊЕ И ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА СУБВЕНЦИЈАТА

Член 2

Финансиски средства предвидени од Буџетот на Општина Куманово за 2023 година за субвенционирање на здруженија и фондации од Општина Куманово за бесплатен посебен превоз, се во износ од 1.000.000 денари.

Финансиските средства од став 1 ќе бидат исплатени на ЈП „Куманово-Паркинг" како давател на субвенцијата како превозник.

За распределбата на финансиските средства на здруженија и фондации од Општина Куманово, како и уредување на правата и обврските за истата Општина Куманово ќе склучи договор со ЈП „Куманово-Паркинг", Куманово.

Субвенционирањето ќе се врши за период од 01.01.2023 до 31.12.2023 година.

КРИТЕРИУМИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СУБВЕНЦИЈАТА

Член 3

Субвенцијата ќе ја користат здруженија и фондации кои имаат регистрирана културна, социјална или хуманитарна дејност, а се регистрирани на територија на Општина Куманово.

Условите кои треба да ги исполнуваат здруженијата и фондациите ќе бидат пропишани во Правилник за субвенционирање на здруженија и фондации од Општина

Куманово за бесплатен посебен превоз за 2023 година, донесен од Градоначалникот на Општина Куманово.

Член 4

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово“.

Бр. 09 – 10073/19
20 декември 2022 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
Ивана Ѓорѓиевска, с.р.

763.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

Заклучок
за објавување на Програма за субвенционирање на наставни, воннаставни и спортски активности по пливање во Затворениот базен – Куманово за учениците од основните и средните училишта од Општина Куманово за 2023 година

1. Се објавува Програмата за субвенционирање на наставни, воннаставни и спортски активности по пливање во Затворениот базен – Куманово за учениците од основните и средните училишта од Општина Куманово за 2023 година, Бр. 09-10073/22, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 20 декември 2022 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-10386/1
21 декември 2022 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
Максим Димитриевски, с.р.

764.

Врз основа на член 22 став 1 точка 6 и 8 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 25 став 1, точка 11 и член 66 од Статутот на Општина Куманово (,,Службен гласник на Општина Куманово,, бр.13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 20 декември 2022 година, донесе

ПРОГРАМА
за субвенционирање на наставни, воннаставни и спортски активности по пливање во Затворениот базен – Куманово за учениците од основните и средните училишта од Општина Куманово за 2023 година

1. Оваа Програма утврдува содржини за субвенционирање на наставни, воннаставни и спортски активности по пливање во Затворениот базен - Куманово, за учениците во основните и средни училишта од Општина Куманово за 2023 година.

2. Во општинските основни и средни училишта, во учебната 2022/2023 година, има вкупно 14226 ученици, од кои во средните училишта 4129 ученици а во основните училишта има 10097 ученици. Програмата предвидува да им се овозможат наставни, воннаставните и спортски активности по пливање, на учениците од Општина Куманово.

3. Програмата ќе се реализира секој работен ден, со шестчасовни активности, од кои 3 часа претпладне и 3 часа попладне, а распоредот ќе го утврди организаторот,

односно правниот субјект кој управува со Затворениот базен-Куманово, во соработка со Секторот за образование при Општината Куманово и општинските основни и средни училишта. Еден термин за учество во Програмата е еден час, а учениците ќе се организираат на неделно ниво по групи и училишта.

4. Учество на учениците во Програмата ќе го утврдат самите училишта, при што за учество на секој ученик е потребно да има и изјава-согласност на родителот/старателот на ученикот.

5. Учеството во Програмата за учениците е бесплатно. Обврска е секој ученик со свои средства да обезбеди лични реквизити за пливање (костум за капење, капа за пливање и, незадолжително, но препорачано, очила за пливање). Сите други потребни реквизити за пливање по оваа Програма ги обезбедува организаторот.

6. Организаторот на Програмата, освен потребни реквизити за пливање, обезбедува и други услови за реализирање на Програмата- затоплување, спасители на вода (служба за спасување) и друг специјализиран кадар. Средствата за ангажирање на потребниот наставен кадар – ментори на учениците ќе се реализираат преку Програмата на Општински сојуз на спортови – Куманово.

7. Наставните, воннаставни и спортски активности по пливање за учениците – непливачи од општинските основни и средни училишта, ќе се реализираат откако ќе се создадат услови во Затворениот базен – Куманово.

8. Предвидени средства за оваа Програма на годишно ниво изнесува 7.000.000 денари, кои ќе се обезбедат во Буџетот на Општина Куманово за 2023 година. Предвидените средства за активностите на оваа Програма, ќе се исплаќаат на правниот субјект кој управува со Затворен Базен-Куманово, по претходно поднесена сметка/фактура од страна на правниот субјект, а во висина на реално остварени трошоци: струја, вода, гас, реагенси за бактериолошка и хемиска исправност на водата, техничко одржување на базенот и за плати за период од 3 месеци за специјализиран кадар (спасувачи на базен, технички одржувачи на базен и за медицинско лице).

9. Реализатор на Програмата ќе биде Општинскиот Сојуз на училишен спорт-Куманово со субјектот кој управува со Затворениот базен, во координација со Секторот за образование при Општина Куманово.

Финансиски средства за стимулација на стручниот кадар за реализација на оваа Програма, ќе се обезбедат со програмата за финансирање на спортот во Општина Куманово, преку Сојузот на спортови – Куманово, од ставката наменета за Сојузот на училишен спорт – Куманово.

10. Програмата влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово“.

Бр. 09 – 10073/22
20 декември 2022 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
Ивана Ѓорѓиевска, с.р.

765.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

Заклучок
за објавување на Програма за уредување на градежно земјиште, изградба и одржување на комунална инфраструктура на град Куманово за 2023 година

1. Се објавува Програмата за уредување на градежно земјиште, изградба и одржување на комунална инфраструктура на град Куманово за 2023 година, Бр. 09-10073/25, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 20 декември 2022 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 08-10389/1
21 декември 2022 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
Максим Димитриевски, с.р.

766.

Врз основа на член 94 и член 95, став 1 и став 5 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на РСМ" бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 ,190/16 и „Службен весник на РСМ" бр. 275/19), член 25, став 1, точка 8 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово" бр. 13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21) и Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфрастуктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост („Службен весник на РМ" бр. 193/16, 72/18 и 16/22), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 20 декември 2022 година, донесе

П Р О Г Р А М А
за уредување на градежно земјиште, изградба и одржување на комунална инфраструктура на град Куманово за 2023 година

ВОВЕД

Согласно член 95, став 5 од Законот за градежно земјиште со Програма за уредување на градежно земјиште се утврдуваат податоци за:

- просторот кој е предмет на уредување,
- обемот на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште;
- обемот и степенот на опремување на градежното земјиште со објекти на основната и секундарната инфраструктура,
- извори на финансирањето на уредувањето,
- пресметување на трошоцита на уредувањето на градежното земјиште,
- висина на надоместокот за уредувањето на градежното земјиште и неговата распределба,
- уредување на градежното земјиште, со утврдување на границите на комплексите за наплата на надоместокот,
- висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште и неговата рапределба
- начинот на распределба на средствата за финансирање на изградба и одржување на инфраструктурата,
- динамика на извршување на програмата
- објекти на инфраструктурата од јавен интерес за Република Северна Македонија и оцена за нивното влијание врз животната средина и природата,согласно со закон,што ги финансира Република Северна Македонија,односно инвеститорот на кого земјиштето му го отуѓила

Република Северна Македонија,
- средства наменети за изработка на урбанистички планови и средства за изработка на документација за градење на инфраструктурни објекти,
- изградба на комунална инфраструктура и
- одржување на комунална инфраструктура

Оваа Програма ги усогласува потребите на комуналното уредување на градежното земјиште во согласност со потребите на станбената и друга изградба и преставува дел од нејзината конкретна реализација.

При определување на подрачјата за уредување се тежи да се продолжи континуитетот на градба од предходните години, да се уредуваат континуирано просторите за нормален развој на градот и да се обезбедуваат услови за изградба на сите потребни видови градски објекти.

Уредувањето на градежно земјиште се финансира од средствата остварени од надоместоците за уредување на градежно земјиште, од средствата од комунални такси , од Буџетот на Републиката и општината и од други средства.

Подготвувањето и опремувањето на земјиштето со комунални објекти ќе се врши во рамките на расположивите средства, сообразно со техничките услови и можности. Притоа ќе се води сметка да се обезбеди нормално функционирање на изградените објекти, а целосно уредување на земјиштето ќе се врши подоцна кога за тоа ќе се создадат материјални и технички услови. Ова е условено заради тоа што надоместокот за уредување на градежното земјиште во предходниот период не обезбедуваше покривање на реалните трошоци на уредувањето, поради што се останати обврските за уредување на поедини локалитети.

Средствата што ќе се остваруваат со оваа Програма ќе ги реализира органот при општината надлежен за уредување на градежно земјиште.

Покрај реализација на преземените и дефинираните задачи и обврски со оваа програма, истата е отворена и во неа ќе бидат вградени и евентуални други задачи, доколку има потреба за нивна ургентна реализација во текот на 2023 година, а за кои ќе одлучи Градоначалникот на Општината Куманово, за што на прва наредна седница ќе го извести советот на општината.

ПОСЕБЕН ДЕЛ

А. ПРОСТОРОТ КОЈ Е ПРЕДМЕТ НА УРЕДУВАЊЕТО

Како градежно земјиште во смисол на оваа програма, а согласно на член 3 од Законот за градежно земјиште, се смета изграденото и неизграденото земјиште на територијата на град Куманово планирано за станбена и друга изградба предвидена со просторни и урбанистичките планови.

Во 2023 година уредувањето ќе се врши според оваа програма, а ќе бидат зафатени повеќе локации во градот и тоа:

- локалитети на кои ќе се регулираат обврските од предходните години,
- локалитети на кои треба да отпочне градба во оваа година,
- локалитети на кои се вршат подготвителни работи за објектите кои ќе се градат во наредните години.

A. Б. ОБЕМ НА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Уредување на градежното земјиште во градскиот реон опфаќа:

1. Подготвување на градежното земјиште,
2. Опремување на градежното земјиште со комунални објекти од основна и секундарна инфраструктура.
3. Изградба на објекти на веќе уредено градежно земјиште.
4. Поделба на градот на зони.

Б. 1. ПОДГОТВУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ОПФАЌА:

- Изготвување на урбанистички планови,
- Оформување и обезбедување на геодетска документација, подлоги и елаборати,
- Регулирање на имотно- правните односи со сопствениците на имотот и изработка на елаборати за експропријација,
- Отстранување и изместување на комунални објекти што сметаат при градба и користење на објектот.
- Преселување на станарите и покуќнината.
- Рушење на објектите и пренесување на шутот на урнатите објекти,
- Геомеханички испитувања на теренот,
- Санациони работи (израмнување на земјиштето, насипување , одводнување, о сигурување од лизгање, расчистување на земјиштето од депонија и земјени растенија и други санациони зафати),
- Програмирање на уредувањето.

ПОЈАСНУВАЊЕ:

Дефинирање на поедини нивоа во објектот без оглед за која намена ќе се користат:

а) подрум (визба) е етаж кој е целосно вкопан во земја или цоклата на приземјето е до 1,20 м.

б) приземје е етаж над подрумот чија цокла изнесува од 0,00 до 1,20 м.

в) кат е етаж над приземје.

г) поткровје е ниво на зградата кое е во целина изградено внатре во кровната конструкција чија светла висина станбена просторија е минимум 2,5 м., а надзидок може да биде до 1,50 м.

д) лоѓа е прооден простор заграден од три страни.

ѓ) под лоѓа е прооден простор заграден од две страни

е) балкон е конзолен испуст надвор од габарит на објект

ж) скалишен простор е простор во ширина на скали катно ниво и подест на меѓукатно ниво.

з) за помошни простории во станбени куќи А1 се сметаат следниве простории:

- гардеробер,
- остава,
- шпајз,
- ходник,
- скали
- ВЦ,
- купатило и др.

и тие можат да зафаќаат до 20% од вкупната нето површина на објектот,сметано од кота ±0,00 м

При утврдувањето на надоместокот за уредување на градежното земјиште ќе се пресметува нето корисна површина на објектот.

Б.2. ОБЕМОТ И СТЕПЕНОТ НА ОПРЕМУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ СО ОБЈЕКТИ ОД ОСНОВНАТА И СЕКУНДАРНА ИНФРАСТРУКТУРА И ИНСТАЛАЦИИ

Опремување на градежното земјиште со комунални објекти и инсталации опфаќа две подгрупи:

а) Опремување на земјиштето со примарни инфраструктурни објекти во кои спаѓаат:

- Непречен пристап до парцела од јавен пат,
- магистрални и примарни водови за довод на вода во маса со пратечки објекти,
- колектори на одвод на фекална и атмосферска вода, и пречистителна станица,
- основна нисконапонска мрежа.

Наведените работи учествуваат со 40% во надоместокот за уредување на градежно земјиште кои во Програмата се дефинирани како **ПРЕТХОДНИ ВЛОЖУВАЊА.**

б) Опремување на земјиште со секундарни инфраструктурни објекти и инсталации во кои спаѓаат:

Основен степен на уреденост:

- Изградба на непречен пристап до градежна парцела од јавен пат - секундарна мрежа:

I експропријација	7,00	%
II пробивање	4,00	%
III Изработка на долен строј на улица	10,00	%
IV Изработка на горен строј на улица	12,00	%
- Изградба на фекална канализација	9,00	%
- Изградба на водоводна инсталација	8,00	%
- Изградба на атмосферска канализација	6,00	%
- Улично осветлување	4,00	%

Наведените работи претставуваат **вистински (реални) трошоци за уредување на градежното земјиште**, а учествуваат со 60% од надоместокот за уредување на градежното земјиште.

Во опремување на градежното земјиште со комунални објекти и инсталации во градежен реон со учество до 50% учествуваат и јавните претпријатија од градот на кои им е доверено стопанисување и управување со објекти од комунална инфраструктура.

Б.3. ПОДЕЛБА НА ГРАДОТ НА ЗОНИ

Градот и Општината се поделени на пет зони према кои ќе се утврдува висината на надоместот за уредување на градежното земјиште во границите на градежниот реон на градот.

ПРВА ЗОНА го опфаќа просторот на централното градско подрачје. Границите на оваа зона започнуваат од раскрсницата на ул.Т.Мендол со Булеварот III-та М.У.Б. (Зелен пазар), се движи по булеварот се до раскрсницата со ул. П.Чичо, а од тука на север продолжува по ул. П.Чичо и излегува на ул. М.Пијаде, па преку ул.М.Антевска излегува на ул.В.Которка каде продолжувајќи по ул. П. Македонија излегува на ул. Б. Рибар по која се движи се до Булеварот О. Револуција. Од тука границата се движи по булеварот и ново предвидениот Булевар се до ул. Цар Самоил (прва до градскиот стадион) па преку неа излегува на ул. 11-ти Ноември и преку ул. Ф. Енгелс, 11-ти Октомври, ул. Б. Кидрич, ул. К. Фетак и ул. Х.Т. Карпош излегува на раскрсницата од ул. Т. Мендол и Булеварот III та М.У.Б.

ВТОРА ЗОНА го опфаќа просторот помеѓу границите на првата и третата зона. Границата на втората зона се движи по ул. Д. Шутевски, ул. К. Антевски,дел од ул. Б. Буха, па преку ул. М. Зечар и ул. Т. Думба, ул. Д. Стопаревиќ и ул Б.Б.Гуцман излегува на раскрсницата од Булеварите III -та М.У.Б. и О. Револуција. Од тука се движи во правец северо-исток по новопредвидена сообраќајница до железничката пруга и по

неа се движи до автопатот. Од автопатот продолжува во правец на југ се до ул. Д. Шутевски од каде и започнува.

ТРЕТА ЗОНА го опфаќа просторот помеѓу границите на втората зона и границата на градежниот реон утврден со Генералниот урбанистички план на градот.

ЧЕТВРТА ЗОНА-ВОН ГРАНИЦА НА ГУП (населени места-приградски населби и села за кои е донесен Општ акт со граници на плански опфат) во која влегуваат : нас. Карпош, нас. Иго Тричковиќ, нас. Ајдучка Чешма, с. Тромеѓа, нас. Вера Которка, с. Доброшане, нас. Јане Сандански, с. Романовце, с. Черкезе, с. Лопате, с. Режановце, с. Речица и с. Горно Коњаре.

ПЕТТА ЗОНА во која влегуваат сите останати населени места во Општина Куманово.

НАПОМЕНА: Во првата, односно втората зона, влегуваат и прв ред на објекти кои гравитираат од спротивната страна на улиците кои се дадени како граница на соодветните зони.

В. ПРЕСМЕТКА НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ СО УТВРДУВАЊЕ НА ГРАНИЦИТЕ НА КОМПЛЕКСИТЕ ПРЕДВИДЕНИ ЗА ГРАДБА

В. 1. ГРАДЕЖЕН РЕОН НА ГРАДОТ

Висината на просечниот надоместок за уредување на градежното земјиште по 1м^2 изградена нето развиена површина на објектот се утврдува во зависност од:

- вистински трошоци за уредување (60% надоместот),
- предходни вложувања (40% од надоместот),
- намената на објектот (станбен - деловен),
- вид на објектот (колективна или индивидуална станбена зграда),
- зона во која се наоѓа објектот што се гради .

Појдовна големина во пресметувањето на надоместокот за уредување на градежното земјиште за 2023 година претставува утврдениот просечен надоместок по 1м^2. нето корисна површина на објектот, кој износ во текот на годината месечно ќе се ревалозира со промена на курсот на еврото изразен со денари на ден на пресметка и плаќање, што ќе го врши органот на општината надлежен за уредување на градежното земјиште. Вредноста на надоместокот за уредување на градежното земјиште за 2023 година изнесува:

В.1.1. ДОМУВАЊЕ – А

В.1.1.1. ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ – А1

За индивидуална станбена изградба висината на надоместот за уредување на градежното земјиште ќе се пресметува во пет зони и тоа:

- I зона	3200,00 ден/м^2
- II зона	2900,00 ден/м^2
- III зона	2600,00 ден/м^2
- IV зона	750,00 ден/м^2
- V зона	61,00 ден/м^2

В. В.1.1.1.2. ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ ЗГРАДИ – А2

Надомест за уредување на градежното земјиште ќе се пресметува во пет зони:

- I зона 3600,00 ден/м^2
- II зона 3300,00 ден/м^2
- III зона 3000,00 ден/м^2
- IV зона 750,00 ден/м^2
- V зона 61,00 ден/м^2

C. В.1.1.1.3. ГРУПНО ДОМУВАЊЕ И ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ – А3 И А4

Надомест за уредување на градежното земјиште ќе се пресметува во пет зони:

- I зона 2750,00 ден/м^2
- II зона 2550,00 ден/м^2
- III зона 2400,00 ден/м^2
- IV зона 750,00 ден/м^2
- V зона 61,00 ден/м^2

В.1.1.1.4. ВИКЕНД НАСЕЛБА СО УГОСТИТЕЛСКИ, ХОТЕЛСКИ И РЕКРЕАТИВЕН КОМПЛЕКС, МВ ЦРВЕНКИ, ОПШТИНА КУМАНОВО

Надомест за уредување на градежно земјиште изнесува за:

-Сместувачки капацитети за живеење 1500,00 ден/м^2
-Деловен простор 2000,00 ден/м^2

при што уредувањето на градежното земјиште е обврска на инвеститорите.

В.1.2. КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ – Б

Б1-МАЛИ КОМЕРЦИЈАЛНИ ДЕЛОВНИ ДЕЈНОСТИ; Б2-ГОЛЕМИ ТРГОВСКИ ЕДИНИЦИ; Б3-ГОЛЕМИ УГОСТИТЕЛСКИ ЕДИНИЦИ; Б4-ДЕЛОВНИ ДЕЈНОСТИ; Б5-ХОТЕЛИ; Б6-ПРОСТОРИ ЗА СОБИРИ; В2-ЗДРАВСТВО

Надомест за уредување на градежното земјиште ќе се пресметува во пет зони:

- I зона 5330,00 ден/м^2
- II зона 4550,00 ден/м^2
- III зона 3510,00 ден/м^2
- IV зона 1000,00 ден/м^2
- V зона 61,00 ден/м^2

В.1.3. ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ

В1-ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА; В2-СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА; В3-КУЛТУРА, В4-ДРЖАВНИ И ЛОКАЛНИ ИНСТИТУЦИИ И В5-ВЕРСКИ ИНСТИТУЦИИ

Надомест за уредување на градежното земјиште ќе се пресметува во пет зони:

- I зона 61,00 ден/м^2
- II зона 61,00 ден/м^2
- III зона 61,00 ден/м^2
- IV зона 61,00 ден/м^2
- V зона 0,00 ден/м^2

В.1.4. ПРОИЗВОДЕН, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ – Г

В.1.4.1 Г1-ТЕШКА ИНДУСТРИЈА; Г2-ЛЕСНА ИНДУСТРИЈА; Г3-СЕРВИСИ; Г4-СТОВАРИШТА

Надомест за уредување на градежно земјиште за овој вид на објекти изнесува 9.000,00 ден од 1,00 м2 корисна површина.

В.1.4.2 Г3.7 и Е1.13 - ВЕТЕРНИ ЕЛЕКТРАНИ И ФОТОНАПОНСКИ ЕЛЕКТРАНИ

1.Надомест за поставување на Ветерници за производство на електрична енергија изнесува 1.200.000,00 ден./единица – на еден столб,

2.Надомест за поставување на Фотонапонски централи за производство на електрична енергија изнесува 30,00 ден./м^2 од површина на градежна парцела.

2.1 Надомест за уредување на градежно земјиште за изградба на трафостаница во парцела на фотонапонски централи изнесува 3.000,00 ден/м^2.

2.2 Надомест за складирање (отворен или затворен простор) на произведена електрична енергија во парцела на фотонапонски централи изнесува 3.000,00ден./м^2.

3.Надомест за изградба на пристапен пат до Ветерни и ФН електрани изнесува 50.000,00 ден./км.

НАПОМЕНА: За поставување на ФН панели на фасади и кровови на постојни објекти не се наплаќа надомест за уредување на градежно земјиште.

В.1.4.3 ОБЈЕКТИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ

Надомест за уредување на градежно земјиште за овој вид на објекти изнесува 9.000,00 ден/м2 корисен простор помножен со коефициент 0,01.

В.1.4.4 Г5.1-ЗЕМЈОДЕЛСКИ ОБЈЕКТИ

За сите зони 61,00 ден/м^2

В.1.5. ЗЕЛЕНИЛО, СПОРТ, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ-Д И ИНФРАСТРУКТУРА-Е

В.1.5.1. Д3-СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА;

За сите зони 61,00 ден/м^2

В.1.5.2. Е1-КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА, Е3-НЕКОМПАТИБИЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

- I зона 4100,00 ден/м^2
- II зона 3500,00 ден/м^2
- III зона 2700,00 ден/м^2
- IV зона 1000,00 ден/м^2
- V зона 0,00 ден/м^2

В.1.5.2.1 ЗА БЕНЗИНСКА ПУМПНА СТАНИЦА И НЕЈЗИНА ПРИДРУЖНА СОДРЖИНА (ПРОДАВНИЦИ, КАФИТЕРИИ, РЕСТОРАНИ, АВТО СЕРВИСИ, АВТО САЛОНИ, ПОМОШНИ ПРОСТОРИИ)

I, II, III и IV зона 9000,00 ден/м²

V зона (40% претходни вложувања) 3600,00 ден/м^2

За изградба на бензиска пумпна станица долж автопат А1 (коридор 10) и магистралниот (брз) пат А2 (коридор 8) надоместот изнесува 12.000,00 ден/м2.

За настрешници на бензиски пумпни станици надоместот изнесува 30% од основната цена во зависност од зоната.

В.1.5.2.3 СООБРАЌАЈНИ, ЛИНИСКИ И ДРУГИ ИНФРАСТРУКТУРИ

Надомест за поставување на електронски комуникациски мрежи за столб изнесува 20.000,00 ден/единица – еден столб.

Надомест за поставување на базни станици за мобилна телефонија изнесува 2.500,00 ден/м2 за 50% од површина на градежна парцела.

Надомест за поставување на мрежи и водови за пренос на електрична енергија изнесува :

- за столб за високонапонска мрежа 60.000,00 ден./единица – еден столб,
- за столб за нисконапонска мрежа 20.000,00 ден./единица – еден столб.

Доколку градежното земјиште не се уредува целосно, вредноста на надоместот во точките В.1.1. и В.1.2 и В1.5 ќе биде различна во зависност од степенот на уреденоста и коефициент на редуцираност на соодветното земјиште на кое се гради при што ќе се користи табеларниот преглед даден во точка Б.2. од оваа програма.

Надоместок за сите видови објекти вон граница од ГУП е фиксен и не се пресметува степен на уреденост.

23	Изработка на техничка документација за основен проекти за обновување,реконструкција и изградба со ревизии и тоа: сообраќајници ,булевари , патишта ,потпорни зидови и др.	1.000.000,00
24	Изработка на сообраќајни проекти и студии	1.000.000,00
25	Изработка на геодетски елаборати	1.000.000,00
26	Реконструкција и санирање на оштетени јавно прометни површини во општина Куманово (со бехатон плочки)	10.000.000,00
27	Градежни работи и танпонирање на сообраќајници на територија на општина Куманово	5.000.000,00
28	Набавка на урбана опрема	1.000.000,00
29	Изградба на стационар за кучиња бездомници	0

30	Одржување на објекти и санација со браварски и градежни работи	1.000.000,00
31	Видео мониторинг на објекти со купување на нова опрема	1.000.000,00
32	Одржување на семафорска опрема и сигнализација	1.000.000,00
33	Поставување на детски катчиња на 7 локации и тоа: кај ул.К. Одреди, кај згради до р.Липковка -локалитет Водовод3 , кај Турска пекара, н.м.Карпош кај ар.б.пр., згради кај колонија ул.Б.Г.Г, кај поранешен хотел Куманово. с.Черкези	3.000.000,00
	ВКУПНО Њ :	213.600.000,00

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

1. За спроведување на оваа Програма надлежен е Градоначалникот на Општината Куманово.

2. Програмата влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово", а ќе се применува од 1 јануари 2023 година до 31 декември 2023 година.

Бр. 09 – 10073/25
20 декември 2022 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
Ивана Ѓорѓиевска, с.р.

767.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

Заклучок
за објавување на Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општината Куманово за 2023 година

1. Се објавува Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општината Куманово за 2023 година, Бр. 09-10073/26, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 20 декември 2022 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-10390/1
21 декември 2022 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
Максим Димитриевски, с.р.

768.

Врз основа на член 14 став 4 и член 61 став 2 од Законот за јавните патишта („Службен весник на РМ" бр.84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150//15, 31/16, 71/16 и 163/16 „Службен весник на РСМ” бр. 174/21) и член 25, став 1, точка 12 од Статутот на

Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово“ бр. 13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 20 декември 2022 година, донесе

П Р О Г Р А М А

за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општината Куманово за 2023 година

В О В Е Д

Согласно Законот за јавните патишта, изградбата, реконструкцијата, одржувањето и заштитата на локалните патишта и улици во населените места, се во надлежност на Општината преку предходно донесена Годишната програма која е во директна зависност од средствата што ќе се обезбедат за нејзина реализација. Финансирањето на оваа програма е од повеќе извори и тоа: Јавно претпријатие за државни патишта - Скопје, Агенција за финансиска подршка на земјоделството и руралниот развој - Скопје и учество на месното население.

Од Јавно претпријатие за државни патишта -Скопје , за тековната година не се предвидуваат средства,туку ако се обезбедат средства од домашни и странски донатори, а ако има доволно финансиски средства дел ќе бидат и од страна на локалната самоуправа.

Како извор на финансирање на оваа програма се и средствата што ги обезбедува Агенција за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој - Скопје, до определена инвестициона вредност на објектот (80%), а останатиот дел (20%) е учество на донации.

Со новата територијална поделба објавена во Службен весник на РМ бр.55 од 16 август 2004 година и бр. 149 од 13.09.2014 год. на територија на Општина Куманово припаѓаат следните села: Агино Село, Бедиње, Бељаковце, Биљановце, Брзак, Вак в , Винце,Воиновиќи, Габреш, Горно Којнаре, Градиште, Дл га, Доброшане, Довезенце, Долно Којнаре, Живиње, Зубовце, Јачинце, Карабичане, Клечовце, Кокошиње, Колицко, Косматац,Костурник, Кутлибег, Кучкарево, К шање, Лопате, Љубодраг, Мургаш, Ново Село, Новосењане, Орашац, Пезово, Проевце, Пчиња,Режановце, Речица, Романовце, Скачковце, Сопот, Студена Бара, Сушево, Табановце, Тромеѓа, Умин Дол, Черкези, Четирце и Шупљи Камен.

По овој основ може да се користат средствата само за населени места во Општината Куманово кои се наоѓаат во подрачјата кои имаат статус на специфични подрачја и тоа:

Во изразито-неразвиени подрачја спаѓаат: Бељаковце, Габреш, Градиште, Довезенце, Живиње, Јачинце ,Косматац ,с.Винце, с.Вакв, с.Длга, К шање, Колицко, Кутлибег, Кучкарево,Мургаш ,Новосељане , Пезово ,Пчиња , Скачковце Четирце и Шупљи Камен.

Во погранични подрачја спаѓаат:Карабичане , Сопот ,Сушево и Табановце.

Во ридско-планининско подрачје спаѓа:Кокошиње.

Во останати населени места спаѓаат сите населени места со новата територијална поделба а не се наведени во горе наведениеподрачја.

АКТИВНОСТИ

Во тековната 2023 година према одредени очекувања за обезбедување на средства по наведените основи се предвидува да се градат следните локални патишта и улици:

ЛОКАЛНИ ПАТИШТА:

1.Локалниот пат с.Сопот - с.Сушево во должина од 2,5км.

Финансова конструкција:

-Агенција за финансиска подршка на земјоделството и руралниот развој

- Јавно претпријатие за државни патишта
-Влада на Република Северна Македонија

2.Локалниот пат с.Тромеѓа- с.Клечовце
Финансова конструкција:
-Агенција за финансиска подршка на земјоделството и руралниот развој
- Јавно претпријатие за државни патишта
-Влада на Република Северна Македонија
-Донации

3.Изградба на долен строј и танпонирање на :
3.1 сообраќајница на стар пат за МЗ..П.Чичо (кон школо) со Л=1.20 км
3.2 сообраќајница во с.Умин дол со Л=0.25 км (200 м^3)
3.3 сообраќајница во с.Четирце со Л=0.55 км
3.4 сообраќајница во с.Љубодраг со Л=0.20 км (150 м^3)
3.5 сообраќајница во с.Ново село со Л=0.50 км (375 м^3)
3.6 сообраќајници во с.Черкези со Л=1.00 км
3.7 сообраќајница во с.Режановце (према гробишта) со Л=0.55 км
3.8 сообраќајница во с.Речица(према гробишта и према школа) со Л=0.70 км
3.9 сообраќајници во с.Агино село (од железничка станица до гробишта)со Л=1.27км
3.10 сообраќајници во с.Лопате со Л=2.00км
3.11 сообраќајница во М.З.Ајдучка Чешма со Л=1.00 км
3.12 сообраќајница во М.З.Иго Тричковиќ (Пуковско) со Л=1.00 км
3.13 сообраќајница во с.Горно Војнаре со Л=0.95км
3.14 сообраќајница во Бејтови ниви со Л=0.89км
3.15 сообраќајница во с.Тромеѓа (од центар до долно мало) со Л=1.00 км
3.16 сообраќајница во с.Брзак (од железничка пруга до патот) со Л=0.20 км (150 м^3)

Финансиската конструкција:
- Јавно претпријатие за државни патишта
-Месно население
-Странски донатори
-Донација на АРМ на РМ
-Општина Куманово (ЕЛС)

Изградба на долен строј,дотанпонирање и асфалтирање на:
3.17. Асфалтирање на дел од сообраќајница за во с.Лопате (од главниот регионален пат помеѓу две Општини Куманово -Липково) со L=2 000 м^1 и тоа на делница каде што е изградена фекалната канализација во самото село.
Финансиската конструкција:
-Донација од правно лице
-Донација на месно население
-Општина Куманово (ЕЛС)

3.18. Танпонирање и асфалтирање на дел од сообраќајница за во с.Романовце во Ш=3.0м и Л=1 500.00 м^1
Финансиската конструкција:
-Донација од правно лице
-Донација на месно население
-Општина Куманово (ЕЛС)

3.19 Дотанпонирање и асфалтирање на сообраќајница од с.Агино Село до с. Брзак во Л=2,1км и Ш=3,00м
Финансиската конструкција:

- Јавно претпријатие за државни патишта
- Општина Куманово(ЕЛС)

4.Тампонирање на улици во населените места на територија на Општината Куманово на кои ќе се јави потреба предизвикана од виша сила (атмосферски влијанија)

Финансиската конструкција:
-Влада на Република Северна Македонија
-Донација од правно лице
-Донација на АРМ на РСМ

5.Одржување на локални патишта во Општината
(летно крпење на ударни дупки и зимско одржување од подмразица и снег)
Финансиската конструкција:
-Општина Куманово

6.Изработка на техничка документација за локален пат с.Пчиња- с.Вак ,в во должина од
2 500.00 м^1.
Финансиската конструкција:
- Јавно претпријатие за државни патишта
-Странски донатори
7.Изработка на техничка документација за улици во населено место Тромеѓа во должина од 4 000.00 м^1.

8.Изработка на техничка документација за локален пат с. Агино село-с.Умин Дол
Финансиската конструкција:
-Општина Куманово

9.Изработка на техничка документација за населба Ајдучка чешма –Зебарњак кон.с.Младо Нагоричани во должина Л=2 921,00 м^1

Финансова конструкција:
-Општина Куманово и Центар за развој на североисточен плански регион

10.Изработка на техничка документација за локален пат с.Студена бара до с.Горно Којнаре (Скопско)
Финансиската конструкција:
-Странски донатори
-Општина Куманово

11.Изработка на техничка документација на сообраќајница во М.З. Иго Тричковиќ (Пуковско) со Л=1.95 км
- Финансиската конструкција:
-Општина Куманово
- Странски донатори

12.Изградба на дел од локалниот пат и изградба на армирано бетонски плочаст и цевасти пропуст за с.Кокошиње
во должина од 0.72км.
Финансова конструкција:
-Агенција за финансиска подршка на земјоделството и руралниот развој
-Општина Куманово

13.Изградба на долен строј и танпонирање на :
13.1 Сообраќајница на стар пат за с.Зубовце - с.Орашац

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

1. За спроведување на оваа Програма надлежен е Градоначалникот на Општината Куманово.

2. Програмата влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово", а ќе се применува од 1 јануари 2023 година до 31 декември 2023 година.

Бр. 09 – 10073/26
20 декември 2022 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
Ивана Ѓорѓиевска, с.р.

769.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

Заклучок
за објавување на Програма на активности од областа на заштитата на животната средина и природата на Општина Куманово за 2023 година

1. Се објавува Програмата на активности од областа на заштитата на животната средина и природата на Општина Куманово за 2023 година, Бр. 09-10073/27, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 20 декември 2022 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-10391/1
21 декември 2022 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
Максим Димитриевски, с.р.

770.

Врз основа на член 22 став 1 точка 2 и член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02) и член 66 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово бр. 13/03, 13/07, 08/15, 11/19 и 12/21), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 20 декември 2022 година, донесе

ПРОГРАМА
на активности од областа на заштитата на животната средина и природата на Општина Куманово за 2023 година

ВОВЕД

Во актуелниот развоен момент на глобално ниво, постојат сериозни проблеми во управувањето со состојбите и можните ризици во животната средина. Повеќе медиуми и области на животната средина, како и комплементарните процеси, имаат нарушен квалитет, како во развиените, така и во земјите во развој. Еколошките ризици, да не заборавиме, се една од најважните одредници на здравјето и благосостојбата на

луѓето.

Амбиентиот воздух во нашата урбано – индустриска средина има нарушен квалитет, а во зимскиот период од годината ја надминува дозволената граница за повеќе пати, што сериозно го загрозува здравјето на населението. Во градот дополнителен проблем претставува бучавата. Регистрирани се докази дека овие два ризика имаат штетни ефекти врз здравјето, пред сè кај децата.

Прекумерната урбанизација и моторизација, како и демографската миграција, се нагласен проблем на нашето опкружување. Проблемот околу отстранувањето и пречистувањето на цврстиот и течниот отпад директно влијае врз квалитетот на животната средина, а индиректно и на здравјето на населението. Овие состојби и неизбежната експанзија на консумирачкото општество можат да ги доведат во опасност не само безбедноста и квалитетот на водата за пиење, туку и безбедноста на храната.

Регистрираните индустриски жешки точки, кои се провлекуваат подолг период и чие решавање ги надминува ингеренциите и можностите на локалната самоуправа, како и сè поголемите ефекти од климатските промени ја комплетираат сликата за исклучително сериозната закана за можноста за загрозување на сите медиуми на животната средина, а со тоа и неопходноста од тесна соработка на локално ниво и стратегиска, интерсекторска интервенција на сите нивоа во државата.

Кон наведеното, несомнена е потребата за унапредување на животните стилови и навики на населението во испреплетените сегменти на оваа област што бара системски и силни едукативни и промотивни активности и размена на информации, но и неизбежно вклучување на граѓанското општество во процесот на здравје и животна средина.

ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА

Главна цел на Програмата на активности од областа на заштитата на животната средина и природата на Општина Куманово е постигнување на повисок степен на разрешување на состојбите во сферата на животната средина и заштита и зачувување на квалитетот на сите медиуми на животната средина, во рамките на законските надлежности, а со тоа и заштита на здравјето и подобрување на квалитетот на животот на граѓаните.

ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

Мерките и активностите за заштита и унапредување на животната средина се од јавен интерес, заради што Општина Куманово е должна да планира соодветни активности и од својот буџет да обезбеди финансиски средства. При реализирање на програмата ќе се води сметка за внесување на родовата перспектива во сите фази од спроведувањето на програмата.

Програма ги утврдува мерките за заштита на животната средина и природата на подрачјето на Општина Куманово за 2023 година, преку конкретни активности во рамките на сите медиуми (воздухот, водата и почвата) и области на животната средина (отпадот, бучавата, нејонизирачкото зрачење, природата, биодиверзитетот, климата, енергетската ефикасност) и сите елементи кои претставуваат неделива целина од животната средина.

Со Програмата се дефинираат целите, конкретните проекти и потребните финансиски средства.

ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИ ПОТРЕБНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Вкупните потребни средства, од Буџетот на Општина Куманово и од одредени донации, за реализирање на активностите за заштита на животната средина на подрачјето на Општина Куманово за 2023 година, по области, се следниве:

	Област / дејност	*Потребни средства*

1.	Заштита на амбиентен воздух	**650.000**
2.	Заштита на почвите	**500.000**
3.	Отпад	**5.200.000**
4.	Климатски промени	**/**
5.	Унапредување на зелени површини	**2.400.000**
6.	Заштита и оплеменување на локалитетите	**500.000**
7.	Енергетска ефикасност	**600.000**
	Вкупно	**9.850.000**

ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА НА ОПШТИНА КУМАНОВО ЗА 2023 ГОД.

1. ЗАШТИТА НА АМБИЕНТЕН ВОЗДУХ

Целта на оваа активност е подобрување на квалитетот на воздухот во Општина Куманово, со тоа и на здравјето на луѓето, согласно регулативата за квалитет на амбиентниот воздух. Загадувањето на воздухот во поголемите урбани средини е нормална појава. Голем број на фактори учествуваат воздухот да биде загаден од различни извори. Затоа првично треба да се проучат загадувачите и на нив превентивно да се делува но и да се превземат мерки за намалување на загадувачите со различни програми, методи и други активности.

1.1. Одржување на воспоставена мрежа за мониторирање на амбиентен воздух и бучава на територијата на Општина Куамново

Цел:
Одржувањето на воспоставената мрежа е со цел да се врши континуиран мониторинг на амбиентниот воздух и бучава на територија на Општина Куманово, согласно Законот за животна средина и просторно планирање.
Образложение:
Начинот, условите и постапката за воспоставување и работење на мрежа за мониторинг на извори на загадување, како и условите и постапката на доставување на информации од мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух ги пропишува орган на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина во согласност со орган на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на здравството. Преку ваквите компаративни мерење се потврдува точноста на добиените податоци и се детерминира улогата на самата мониторинг мрежа.
Активности:
Поставената мрежа за мониторинг на амбиентниот воздух и бучава на територија на Општина Куманово, потребно е:
- тековно одржување на мрежата за следење, односно мерните станици,
- калибрација на истите согласно позитивни законски прописи.

На веб-страница на Општина Куманово има поставена веб-апликација EKODATA.LIFE на која се достапни информации за квалитет на воздух и бучава преку поставените мерни инструменти кои се лоцирани на следните 6 (шест) локации на територијата на општината: Противпожарна станица, Занатски дом, Дом за стари лица „Зафир Сајто“, ООУ„Кочо Рацин“, СОУ„Наце Буѓони“ и ООУ„Магдалена Антова“.

Потребни средства:
За овие активности се предвидени средства од Буџетот на Општина Куманово за 2023 година во износ од 150.000денари.
Извршител:
Општина Куманово со ангажирање на најповолен економски оператор по пат на јавна набавка.
1.2. Надоместување на дел од трошоците - субвенционирање на граѓаните на подрачјето на градот за приклучување на гасификационен систем во Општина Куманово за 2023 година

Цел:
Примена на мерка за намалување на загадувањето на воздухот во градот.
Образложение:
Најголемиот проблем во областа на заштитата на животната средина, со кој се соочува Општина Куманово, е нарушениот квалитет на амбиентниот воздух во градот, особено со партикуларните честички (ПМ10 и ПМ2,5). Една од поголемите причини за емисија на овие честички е затоплувањето на домовите кои не се приклучени на централно греење, пред се заради нецелосното и несоодветно согорување на огревното дрво, несоодветниот квалитет на дрвото и начинот на негово чување и употребата на стари, дотраени и технички неисправни печки.
Целта на субвенционирањето на граѓаните е поттикнување на примена на почист енергенс односно:
- Промовирање на енергетската ефикасност преку користење на гас за загревање;
- Едуцирање и поттикнување на населението за користење на скоро 100% искористливиот, финансиски достапен и еколошки прифатлив енергенс, во соработка со Граѓански организации од областа на климатските промени и родовата еднаквост и животната средина.
- Заштита на животната средина и природата.
Надоместок на дел од трошоците во вредност од 15.000 денари.
Активности:
- Објавување на јавен повик за надоместување на дел од трошоците за граѓаните за приклучок на гасификациона мрежа во Општина Кумановон, на веб страната на Општина Куманово и во печатени и електронски медиуми;
- Пријавување на граѓаните за добивање субвенција преку пополнување на образец, изготвен за таа намена, кој содржи потребни податоци за лицето што се пријавува на повикот;
- Проверка на пристигнатите пријави и документација од страна на комисија формирана за таа намена;
- Контрола на терен за веродостојноста на набавката,
- Исплата на субвенции.
Потребни финансиски средства:
За оваа активност предвидени се финансиски средства од Буџетот на Општина Куманово за 2023 година во износ од 200.000денари.
Извршител:
Активностите ќе ги спроведе Секторот за комунални работи, инфраструктура и сообраќај и заштита на животната средина и природата и Секторот за финансии.

1.3. Кампања за информирање за негативните последици од палењето отпад и користење несоодветни горива за затоплување
Цел:
Подигање на јавната свест за негативните последици од палењето отпад и користење несоодветни горива за затоплување ќе се врши во соработка со Граѓански организации од областа на климатските промени и родовата еднаквост и животна средина.
Образложение:

Загадувањето на воздухот е најголем еколошки проблем на градот. Населението очекува разрешување на овој проблем, но без организиран и зеднички пристап, тоа е невозможно. Потребно е систематско и континуирано влијание за промена на навиките.

Активности:

Осмислување на кампања и нејзина реализација.

Потребни финансиски средства:

За оваа активност предвидени се финансиски средства од Буџетот на Општина Куманово за 2023 година во износ од 300.000денари**.**

Извршител:

Извршителот ќе биде избран по пат на јавна набавка заедно со Одделението за заштита на животната средина и природата.

2. ЗАШТИТА НА ПОЧВИТЕ

2.1. Определување на граници на ерозивно подрачје и подрачјата загрозени од ерозија и мерки, работи за заштита на земјиштето од ерозија и уредување на пороите на подрачјето на Општина Куманово

Цел:

Заштита на земјиштето од ерозија со превземање на системски мерки и решенија.

Образложение:

Промените на површинскиот слој на релјефот настануваат како последица на делувањето на дождот, снегот, температурните разлики, ветерот и протечните води, но и заради антропогените дејства.

Природниот процес на ерозија се забрзува со неконтролирана сеча на шумите и со несоодветно користење на земјиштето. Познавањето на ерозивните процеси во просторот е неопходно, заради утврдување соодветни мерки за заштита.

Активности:

- Изработен преглед на ерозивни подрачја на територијата на Општина Куманово со Акциски план со конкретни мерки,
- Изработка на финален документ,
- Определување на границите на ерозивното подрачје и подрачја загрозени од ерозија и утврдување на мерките и работите за заштита на земјиштето од ерозија и уредување на пороите, согласно Законот за водите,
- Доставување на документот до Министерството за животна средина и просторно планирање.

Потребни финансиски средства:

За оваа активност предвидени се финансиски средства од Буџетот на Општина Куманово за 2023 година во износ од 500.000денари.

Извршител:

Општина Куманово со ангажирање на консултански куќи по пат на јавна набавка.

3. ОТПАД

3.1. Санација и уредување на депонија Краста

Цел:

Затварање на нестандардизираната депонија Краста

Образложение:

Согласно планираните проекти за воспоставување на интегриран самоодржлив систем за управување со отпад во источниот и североисточниот регион, финансиран

од ЕУ преку ИПА 2 програма, во текот на 2023 година треба да ја започне постапката со затворањето на сите нестандардизирани депонии кои во овој момент се користат за депонирање на комунален отпад од страна на општините. На постоечката депонија „Краста“ освен што ќе биде затворена, на еден дел од просторот ќе се започне со изградба на претоварна станица за собирање на комуналниот отпад кој понатаму истиот ќе се транспортира до регионалната депонија во Свети Николе.

Активности:

Поддршка за спроведување на овој проект и соработка со сите релевантни министерства и други засегнати чинители со цел успешно имплементирање на проектот.

Потребни финансиски средства:

За овој проект веќе се обезбедени средства од ЕУ.

Извршител:

Министерство за животна средина и просторно планирање, Општина Куманово и ЈП„Чистота и Зеленило“.

3.2. Чистење и одржување на речно корито

Цел:

Чистење на речно корито од трева, нискостеблести растенија и отпад, кои го попречуваат нормалниот проток на вода во случај на поројни дождови.

Образложение:

Чистењето на речно корито ќе се врши машинско со крупна механизација со остранување на нанесена земја и нискостеблеста вегетација, како и од различен вид на комунален, животински и градежен отпад кој несовесните граѓани го одлагаат. Покрај чистењето на речното корито од наноси, ќе се врши и уредување на истото заради заштита од поткопување на кејскиот ѕид и поплави.

Потребни финансиски средства:

За оваа активност предвидени се финансиски средства од Буџетот на Општина Куманово за 2023 година во износ од 1.000.000денари

Извршител:

Општина Куманово со ангажирање на најповолен економски оператор по пат на јавна набавка.

3.3. Определување на локации предвидени за одлагање на отпад

Цели:

- Определување и изградба на локации за одлагање на инертен отпад (градежен шут), отпад од животинско потекло, локација за одлагање на хаварисани возила и изградба на три т.н. зелени острови за одлагање на габаритен отпад (мебел, биоразградлив отпад, машини, гуми и сл.)

Образложение:

Една од законските обврски на Општина Куманово е да обезбеди соодветни локации каде што ќе се изградат овие инсталации за превземање на отпадот кој има значително влијание на лошата состојбата во однос на животната средина во Општина Куманово.

Активности:

- Определување на соодветни локации при изработка на Генерален урбанистички план;

Потребни финансиски средства:

За изработка на Генерален урбанистички план веќе се обезбедени финансиски средства од Буџетот на Општина Куманово.

Извршител:

Општина Куманово е во постапка на изработка на Генерален урбанистички план.

3.4. Набавка на опрема за управување со отпад

Цели:

- Набавка и поставување на опрема за управување со отпад-полуподземни контејнери наменети за комунален отпад во централното градско подрачје.

Образложение:

Законска обврска на општината е да обезбеди организирано превземање на комунален отпад кој има значително влијание на лошата состојбата во однос на животната средина во Општина Куманово

Активности:

- Поставување на контејнери на соодветни локации за превземање на комунален отпад

Потребни финансиски средства:

За оваа активност предвидени се финансиски средства од Буџетот на Општина Куманово за 2023 година во износ од 4.200.000денари.

Извршител:

Општина Куманово е во тек на спроведување на тендерска постапка за избор на најповолна понуда за набавка на полуподземни контејнери.

4. КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ

4.1. Изготвување на годишната програма за мезометеоролошки мерења во Општина Куманово за 2023 година

Цел:

Добивање податоци за метеоролошките состојби, релевантни за квалитетот на амбиентниот воздух.

Образложение:

- Реализација на микроклиматски мониторинг согласно обврската од Стратегијата за адаптација на климатските промени во Република Северна Македонија
- Добивање податоци за влијанието на климатските услови и климата врз квалитетот на воздухот во градот
- Добивање податоци неопходни при појава на топлотни бранови и студени бранови во вонредни метеоролошки услови, како и при појава на загадување на воздухот при температурни инверзии (во делот на предвидување на истите).

Активности:

- Изготвување Програма за мезометеоролошки мерења;
- Спроведување на мерењата;
- Изготвување завршен елаборат.

Потребни финансиски средства:

За овој проект се предвидуваат средства од фондови на ЕУ.

4.2. Намалување и прилагодување на климатските промени за Општина Куманово

Цел:

Заштита и унапредување на квалитетот на животот на граѓаните на Куманово преку спроведување на одржлив развој, помагање на граѓаните и институциите да се подготват за последиците од климатските промени и екстремните временски услови и согледување на активностите за намалување на причините за климатски промени.

Образложение:

Климатските промени се најголема глобална закана на 21-от век. Тие се реалност и неминовни од начинот на кој функционира развиениот свет. Последиците од климатските промени се непредвидливи, а секако големи, разорни и фатални. Најголеми последици ќе имаат урбаните средини, каде е најголема концентрацијата на

луѓето и кои воедно се најголеми причинители на климатските промени. Само средините што ќе успеат да ги испланираат своите активности за справување со климатските промени имаат непречена иднина.

Активности:

Стратегија за намалување и прилагодување на климатските промени со внесена родова перспектива во стратегијата.

За 2023 година се предвидени активности за зголемување на зелениот фонд, како мерка за адаптирање на климатските промени, на еден нов начин:

- Изработка на зелени кровови на јавни објекти во централното градско подрачје, каде недостасува зеленило, во соработка со соодветните институции во чија надлежност се наоѓаат (Основни и Средни училишта, Јавни претпријатија и др.)
- Изработка на зелени завеси за обвивање на некои објекти (метална конструкција со џепови за садење соодветни растенија и систем капка по капка за наводнување).
- Инсталирање и поставување на систем за наводнување капка по капка на дрворедите и жардињерите на булеварите 3-та МУБ и Октомвриска Револуција, и во централно градско подрачје.
- Изработка на анализа за различното влијание на климатските промени врз жените и мажите.

Бенефитот од овие активности:

- зголемување на зелениот фонд,
- прочистување на воздухот,
- намалување на температурите во летниот период ,
- внесување свежина во просторот, создадена од зелената маса,
- подигање на јавната свест,
- естетски елемент.

Во горе предвидените активности ќе бидат вклучени Граѓански Организации од областа на заштита на животна средина, климатски промени и родова еднаквост.

Потребни финансиски средства:

За овој проект се предвидуваат средства од фондови на ЕУ.

5. УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ

5.1. Изработка на Зелен катастар на Општина Куманово

Цел:

Постигнат повисок степен на заштита и унапредување на јавните зелени површини на Општина Куманово со помош на обезбедување просторни податоци за обемот и видот на зеленилото.

Образложение:

Овој документ е основа за унапредувањето на јавните зелени урбани површини со оглед на фактот што зеленилото, покрај функционалните, рекреативните, амбиенталните и социјалните функции, придонесува подеднакво кон намалувањето и адаптирањето на климатските промени. Со Зелениот катастар ќе се утврди површината, сопственоста и квалитетот на зеленилото, во функција на урбанистичкото планирање, со крајна цел да се спречи натамошната пренамена на зеленилото во градежни цели.

Активности:

Опфаќање на зеленилото на јавните, образовните и други институции, што е дел од зелениот фонд на градот.

Потребни финансиски средства:
За овој проект се предвидуваат средства од фондови на ЕУ.
Извршител:
Општина Куманово.

5.2. Подигнување на нови зелени површини
Цел:
Подигнување на нови зелени површини, пошумување и уредување на запуштени зелени површини.
Образложение:
Пошумување или т.н. вештачка регенерација, како метод за подигање на нови зелени површини подразбира и практикува засадување по сеча на дрвја, засадување на голи неплодни и ерозивни земјишта и создавање на нови насади. Пошумените предели се пресудни за урамнотежување на водните режими, заштита од ерозии и порои, особено кај малите водотеци.
Активности:
Пошумумање на голи површини, површини кои биле зафатени од пожар или на кои имало извршено санитарна сеча. Пошумувањето ќе се врши со едногодишни садници и повеќегодишни садници, со што на наведените локации бенефитот од извршените акции ќе биде видлив во блиска иднина.
Потребни средства:
За оваа активност предвидени се финансиски средства од Буџетот на Општина Куманово за 2023 година во износ од 2.000.000денари.
Извршител:
Општина Куманово е во тек на спроведување на тендерска постапка за ангажирање на најповолен економски оператор за набавка на на садници.

5.3. Субвенционирање на колективни згради за уредување на дворно место
Цел:
Уредување на зелени површини околу колективните згради.
Образложение:
Со релизирање на мерката субвенционирање на колективни згради за уредување на дворните површини ќе се постигне:
- уредени зелени површини,
- зголемување на зелен фонд,
- внесување свежина во просторот,
- естетски уредени дворни површини.

Критериуми за доделување на субвенции ќе бидат утврдени со Правилник донесен од страна на градоначалникот.
Надоместок на дел од трошоците во вредност од 80% од вкупната инвестиција, но не повеќе од 80.000 ден по доставено барање.
Активности:
- Објавување на јавен повик за субвенционирање на колективни згради за уредување на дворно место во Општина Куманово, на веб страната на Општина Куманово и во печатени и електронски медиуми;
- Пријавување на граѓаните за добивање субвенција преку пополнување на образец, изготвен за таа намена;
- Проверка на пристигнатите пријави и документација од страна на комисија формирана за таа намена;
- Контрола на терен за веродостојноста на набавката,
- Исплата на субвенции.

Потребни финансиски средства:
За оваа активност предвидени се финансиски средства од Буџетот на Општина Куманово за 2023 година во износ од 400.000денари.

Извршител:
Активностите ќе ги спроведе Секторот за комунални работи, инфраструктура и сообраќај и заштита на животната средина и природата и Секторот за финансии.

6. ЗАШТИТА И ОПЛЕМЕНУВАЊЕ НА КУЛТУРНО ИСТОРИСКИ СПОМЕНИЦИ И ПРИРОДНИ БОГАТСТВА ВО ОПШТИНА КУМАНОВО

6.1 Оплеменување на локалитети кои значат за културно историски споменици во Општина Куманово

Цел:
Уредување и оплеменување на просторот каде се лоцирани културно историски споменици
Образложение:
Еден од приоритетите на Општина Куманово е да го уреди просторот каде се лоцирани културно историските споменици за да можат овие локации да бидат потенцијал за излетнички места. Со ова ќе допринесеме за поголема заштита и унапредување на зелените површини во општината, како и за почист воздух во нашиот град.
Активности:
Темелно чистење на спомениците и на локалитетите;
Садење на садници и пошумување;
Хортикултурно уредување.
Потребни финансиски средства:
За оваа активност предвидени се финансиски средства од Буџетот на Општина Куманово за 2023 година во износ од 500.000денари.
Извршител:
Консултанстски компании, Здруженија на граѓани и слично изберени по пат на јавна набавка во соработка со Општина Куманово и ЈП „Чистота и зеленило“.

7.ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ

7.1.Изработка на Програма за енергетска ефикасност на Општина Куманово

Цел:
Согласно Законот за енергетска ефикасност и во согласност со Стратегијата за енергетска ефикасностна Република Северна Македонијаи акциониот план за енергетска ефикасност, Советот на предлог на Градоначалникот, а по предходно мислење од Агенција за енергетика, донесува Програма за енергетска ефикасност што се донесува на период од три години.
Образложение:
Програмата содржи приказ и оцена на состојбите и потребита за енергија, индикативни цели за заштеда на енергија на локално ниво, мерки за подобрување и унапредување на енергетската ефикасност(Фотоволтаици), целите што треба да се постигнат со тие мерки, изворите на финансирање на вложувањата што се потребни за спроврдување на мерките, активностите и роковите за спроведување на мерките, носителите на активностите и други потребни податоци. Преку спроведување на програмата за енергетска ефикасност дирекно се придонесува и за намалување на емисии на штетни гасови во атмосферата и на тој начин се делува на заштита на животната средина.
Активности:
Изработка на програма за енергетска ефикасност на Општина Куманово**.**
Финансирање:
За оваа активност предвидени се финансиски средства од Буџетот на Општина Куманово за 2023 година во износ од 600.000денари.
Извршител:

Општина Куманово е во тек на спроведување на тендерска постапка за ангажирање на консултантска компанија за изработка на Програма за енергетска ефикасност на Општина Куманово.

8. СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОДРЕДЕНИ ЗАКОНСКИ ПРОЦЕДУРИ

Законот за животната средина предвидува обврски за изработка на различни стратешки документи во процесот на планирање и спроведување на планови и конкретни активности, оценки, еколошки дозволи и сл., кои се неопходни во процесот на носење на одлуки за животната средина.

Законски процедури кои Општина Куманово ги спроведува како надлежен орган

Издавање Б-интегрирани еколошки дозволи за работење на инсталациите кои влијаат врз животната средина

Цел:

Задоволени одредби од чл. 122 од Законот за животната средина.

Образложение:

Општина Куманово е должна да ја спроведува процедурата за издавање Б-интегрирани еколошки дозволи за инсталации кои според Законот подлежат на оваа процедура.

Активности:

Активностите за издавање Б-интегрирани еколошки дозволи се одвиваат согласно сложена и обемна, законски пропишана процедура. Интегрираната дозвола ги опфаќа сите влијанија на инсталацијата врз животната средина, а целта на дозволата, преку Програмите за подобрување, е нивно сведување на најмала можна мерка и анулирање.

Посебно се обрнува внимание на инсталациите што имаат испусти за отпадни води во канализационата мрежа на ЈП„Водовод“, односно на Општина Куманово, особено во рамки на севкупните активности за подготовка на системот на отпадни води за приклучување на пречистителна станица. За таа цел неопходни се дополнителни контролни испитувања на квалитетот на овие отпадни води.

Потребни финансиски средства:

Не се предвидени финансиски средства.

Извршител:

Одделението за заштита на животната средина е задолжено за активноста за издавања на Б-дозволите. Во делот на посета на инсталациите и нивното контролирање се вклучува Инспекторатот на Општина Куманово-овластените инспектори за животна средина.

Одобрување на елаборати за заштита на животната средина

Цел:

Реализирана обврска од чл.24 од Законот за животната средина.

Образложение:

Согласно Законот за животната средина, Општина Куманово е надлежена за разгледување и одобрување на елаборати за заштита на животната средина за дејности и активности кои се наведени во Уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен Градоначалникот на Општината.

Активности:

- Разгледување на доставениот Елаборат за заштита на животната средина;
- Изготвување забелешки на Елаборатот;
- Примање на корегиран Елаборат;
- Изготвување Решение за одобрување, кое го потпишува Градоначалникот на Општина Куманово.

Потребни финансиски средства:

За реализирање на оваа активност не се потребни финансиски средства.

Извршител: Извршителот е Одделението за заштита на животната средина и природата.

ПРЕПОРАКИ

За да се реализираат програмските активности, потребно е да се врши:

- Мониторинг на загадувачи;
- Мерки за смалување на загадувачи;
- Мониторинг на резултатите и мерките за смалување на загадувачите;
- Финансова конструкција на различни активности;

Мониторинг на загадувачи е првата фаза со цел да се констатира кои загадувачи имаат значајно место во загадувањето со цел да се направи листа-регистар за да се увиди од каде произлегува загадувањето. Во Општина Куманово ќе наброиме неколку:

- Домаќинства;
- Индустрија;
- Автопат;
- Патнички возила;
- Градежништво;
- Неуреден простор.

Мерки за намалување на загадувањето кои ги реализира Општина Куманово, и истите се усвоени од страна на Советот на Општина Куманово се следните:

- Примена на аеросолна метода;
- Надоместување на дел од трошоците - субвенционирање на граѓаните на подрачјето на градот за приклучување на гасификационен систем во Општина Куманово за 2023 година;
- Се задолжува ЈП „Чистота и зеленило“ Куманово да врши зачестено миење на улици и тротоари во централно градско подрачје и густо населени места кога надворешните услови тоа го дозволуваат;
- Регулирање на сообраќај во градот преку забрана на движење со моторни возила на улици во централно градско подрачје особено во т.н. „тесни грла“ во одреден период од денот;
- Општина Куманово и Советот на Општина Куманово му препорачува на надлежниот орган за регулирање на сообраќајниот режим (МВР - СВР) да ги упатува на дополнителен технички преглед сите возила, посебно тешки товарни возила (камиони и автобуси), кои не ги задоволуваат основните стандарди за емисии на загадувачки материи во воздухот;
- Општина Куманово и Советот на Општина Куманово му препорачува на надлежниот орган за регулирање на сообраќајниот режим (МВР - СВР) да воведе ограничувања на сообраќајот врз основа на:

- тип на возило (пр. товарни возила, приватни возила);
- возила со парни или непарни регистарски таблички;
- емисии од возилата (пр. ЕУРО X, двотактни мотори и сите дизел возила без катализатор);
- доставата на стоки со возила да се извршува пред 7:30 или по 18 часот;
- градежните машини (багери, булдожери, виљушкари) да се пренесат до градилиштата до 7:30 часот;
- активна имплементација и контрола на веќе воведениот сообраќаен режим за тешки товарни возила чија крајна дестинација не е Куманово (да ја користат обиколницата);

- Се задолжува инспекцијата при Општина Куманово, преку своите комунални редари да врши ефективна контрола на загадувањето на воздухот по службена должност, како и по пријава од страна на граѓаните како и воведување на дежурства за време на викенд и после работно време во Инспекторатот на Општина Куманово;
- Општината ја проследува информацијата до граѓаните, преку веб-страницата на општината со објавување аларм на почетната страница со препорака да се погледнат советите за намалување на негативните ефекти од загадувачките супстанции;
- Се препорачува на индустриските капацитети да го намалат своето производство, особено во попладневните часови кога загадувањето е најголемо, но и да се придржуваат или да си ги реализираат мерките кои им се предвидени во елаборатот за животна средина кој го имаат поднесено до Општина Куманово и за кој им е издадено Решение за одобрување на истиот од страна на Одделението за заштита на животната средина и природата, во спротивно истото ќе им биде поништено согласно Законот за животната средина;
- Се задолжуваат сите правни лица кои имаат Решение за одобрување на Елаборат за заштита на животна средина од страна на Општина Куманово, редовно да ги чистат своите оџаци и по потреба да постават соодветни филтри на нивните оџаци за прочистување на воздухот доколку ги користат истите, со што посебен акцент би се дало на правните лица кои подготвуваат храна на дрва, жар или ѓумур и сл., со што би се намалило штетното влијание на воздухот;
- Се задолжуваат сите Управители на станбени згради кои работат на територија на општина Куманово, редовно да ги оддржуваат зелените површини во кругот на станбените згради (чистење на расфрланиот отпад, косење на трева и сл.) иако некаде може да се случи дека зелените површини не потпаѓаат на нивната градежна парцела, тоа не треба да биде оправдување за расфрлување на отпадоци и негрижа;
- Се наложува на сите сопственици на каменоломи, производствени и преработувачки капацитети во индустриски зони, Депонијата за комунален смет под надлежност на ЈП „Чистота и зеленило“ Куманово и Пречистителната станица за отпадни води под надлежност на ЈП „Водовод“ Куманово да направат зелени појаси со засадување на 3 годишни дрва и систем за наводнување за истите, како и подигање на зелени појаси покрај сите регионални патишта на

територија на општината чија обврска за оваа активност ќе биде на Општина Куманово;

- При добивање на одобрение за градба за нови објекти од страна на секторот за урбанизам, се препорачува да се планира приклучок на гасоводна инсталација;
- Се задолжува Општина Куманово да дистрибуира летоци/брошури со содржина за начинот на користење и одржување на ложиштата, оддржување на оџаците, складирање на огревниот материјал, како и економска исплатливост доколку користат гас како енергенс за затоплување;
- Се задолжува ЈП „Чистота и зеленило“ Куманово за обновување на постоечките зелени површини во централното градско подрачје, како и формирање на нови зелени површини во повеќе делови од градот;
- Се задолжува ЈП „Чистота и зеленило“ Куманово за спроведување на повеќе еколошки акции за расчистување на диви депонии, како и спроведување на повеќе акции за пошумување и создавање на нови дрвореди.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово“.

Бр. 09 – 10073/27
20 декември 2022 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
Ивана Ѓорѓиевска, с.р.

771.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

Заклучок
за објавување на Програма за субвенционирање на граѓани за приклучок на гасификациона мрежа на подрачје на Општина Куманово за 2023 година

1. Се објавува Програмата за субвенционирање на граѓани за приклучок на гасификациона мрежа на подрачје на Општина Куманово за 2023 година, Бр. 09-10073/28, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 20 декември 2022 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-10392/1
21 декември 2022 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
Максим Димитриевски, с.р.

772.

Врз основа на член 22 став 1 точка 2 и член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02) и член 66 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово бр. 13/03, 13/07, 08/15, 11/19 и 12/21), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 20 декември 2022 година, донесе

ПРОГРАМА
ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ГРАЃАНИ ЗА ПРИКЛУЧОК НА ГАСИФИКАЦИОНА МРЕЖА НА ПОДРАЧЈЕ НА ОПШТИНА КУМАНОВО ЗА 2023 ГОДИНА

1. ВОВЕД

Предмет на Програмата за субвенционирање на граѓаните за приклучок на гасификациона мрежа на подрачјето на Општина Куманово за 2023 година е надоместување на дел од трошоците за приклучна такса, направени при приклучување на своето домаќинство, односно станбен простор на гасификациона мрежа во 2023 година.

Со оваа Програма се појаснуваат причините за субвенционирање, се утврдуваат начинот и условите за спроведување на активностите за субвенционирање и нивното финансирање.

Субвенционирањето на граѓаните за приклучок на гасификациона мрежа на подрачјето на Општина Куманово е активност предвидена во мерките за заштита на амбиентниот воздух и е дел од мерките на Програма за активности од областа за заштита на животната средина и природата на Општина Куманово за 2023 година.

2. ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Најголемиот проблем во областа на заштитата на животната средина, со кој се соочува Општина Куманово, е нарушениот квалитет на амбиентниот воздух во градот, особено со партикуларните честички (ПМ10 и ПМ2,5). Една од поголемите причини за емисија на овие честички е затоплувањето на домовите кои не се приклучени на гасификациона мрежа, пред се заради нецелосното и несоодветно согорување на огревното дрво, несоодветниот квалитет на дрвото и начинот на негово чување и употребата на стари, дотраени и технички неисправни печки.

Развиените и еколошки свесни општествени заедници веќе повеќе години работат на употребата на гас како извор на енергија, чија предност во однос на загадувањето на животната средината, се минимални причинители.

Предноста на користењето на гасот за загревање е повеќекратна, и тоа:

- Природен гас е достапно гориво;
- Инвестицијата во инсталацијата за дистрибуција на природен гас е многу пониска од инвестицијата за изградба на мрежа за централно топловодно греење;
- Гасоводните системи бараат помалку одржување во споредба со системите за централно топловодно греење;
- Гасификацискиот систем овозможува комплетно независно користење од страна на секој поединечен корисник;
- Наплаќањето е на основ на измерено количество на гас кое е потрошено;
- Природниот гас може да се користи и за подготовка на санитарна топла вода, за готвење и за ладење;
- Системите за греење кои користат котли на природен гас се најефикасни системи и се лесни за управување и контрола;
- Интензитетот на греење во текот на ноќта и викендите може да се многу лесно да се регулира, дури и далечински;
- Нема загуби низ гасоводите при дистрибуција;
- Топлината може да се контролира локално, во зависност од потребите на корисниците на зградата;
- Системот функционира независно.

Котлите приклучени кон гасификационен систем имаат подобри перформанси во однос на класичните:

- Имаат ефикасност поголема од 90%, за разлика од печките на дрва кои имаат 55% ефикасност, што директно влијае на заштеда на средствата;
- Имаат низок фактор на загадување (5мг/MJ) за разлика од новите печки, шпорети и камини на дрва, кои имаат фактор поголем 9 пати (45мг/MJ), а старите печки на дрва имаат фактор на загадување 20 пати поголем (околу 100мг/MJ);

- Имаат поголем комфор на користење (нема потреба од често додавање на дрва на огнот, нема потреба од секојдневно чистење на пепел и сл.),
- Поседуваат тајмер и термостат, со што е овозможено планирано и самостојно палење и гаснење, нема грижа за да не се изгасне огнот, а температурата во просторијата може да се одржува по желба и сл.

Стручните калкулациии за користење на гас за загревање, упатуваат на сознанија дека за загревање на:
- **неизолиран објект за домување** од 100м^2 и 1 000 h/god. време на затоплување потребна количина на топлинска енергија изнесува 20.000 kwh/god, односно 2 000 nm3 природен гас.
- **изолиран објект за домување** од 100м^2 и 1 000 h/god. време на затоплување потребна количина на топлинска енергија изнесува 7.000 kwh/god, односно 700 nm3 природен гас.

Трошоците секако ќе зависат и од надворешната температура и квалитетот на изолацијата на објектот.

3. ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА

Програмата има цел за постигнување краткорочни и некои подолгорочни ефекти:
- Промовирање на енергетската ефикасност преку користање на благодетите на користење на гас за загревање;
- Едуцирање и поттикнување на населението за користење на скоро 100% искористливиот, финансиски достапен и еколошки прифатлив енергенс,
- Заштита на животната средина и природата.

4. НАЧИН НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

